24	Број и датум на Решение (доколку се поднесува за реакредитација)	на последна акредитација од Одборот за Акредитација	Решение од Одборот за акредитација на високото образование на Република Македонија, бр. 03-445/6 од 20.10.2021 година
		за почеток со работа на студиската програма од МОН/АКВО	Решение од Одборот за акредитација на високото образовние на Република Македонија, за почеток со работа бр. 08-1013/4 од 9.11.2021 година

3. Цел и оправданост за воведување на студиската програма

Стручните студии по фармацевтска регулатива се наменети како облик на доживотно учење и континуирана едукација за фармацевти и други дипломирани стручњаци од областа на биомедицинските, здравствените, природните, техничките и општествените науки. Овие студии се одговор на растечките предизвици во современата фармацевтска индустрија и здравствениот систем, каде регулативата игра клучна улога во обезбедувањето на квалитет, безбедност и ефикасност на лековите, медицинските средства и додатоците во исхраната.

Програмата има мултидисциплинарен пристап и се темели на најновите научни и регулаторни знаења од областа на фармацевтската регулатива, вклучувајќи ги европските и меѓународните регулативи за сите фази од животниот циклус на лекот: развој, производство и контрола на квалитет, неклинички и клинички испитувања, фармаковигиланца и постмаркетиншки надзор. Дополнително, програмата ги опфаќа современите регулаторни гледишта за напредните терапии, биолошки и биолошки слични лекови, педијатриски лекови, лекови за ретки болести, како и стратегиите за превенција и контрола на фалсификувани лекови.

Во согласност со современите трендови во образованието и индустријата, студиската програма е дизајнирана да обезбеди систематизирани и примарно применливи знаења за регулаторните барања во фармацијата, да поттикне развој на критичко размислување за интерпретација и примена на регулативата во реална средина како и да подготви кадар способен за регулаторна експертиза, комуникација и лидерство во фармацевтската индустрија, регулаторните тела и академската заедница.

Целта на оваа студиска програма е:

- Стекнување на стручни и научни сознанија за меѓународните регулаторни гледишта и практики за квалитет, безбедност и ефикасност на лекови од синтетско или полусинтетско потекло, биолошки лекови, имунолошки лекови, лекови наменети за ретки болести, педијатриски лекови, хербални и традиционални хербални лекови, како и медицински средства и додатоци во исхрана;
- Осовременување на теоретските и практичните знаења за критички и објективен пристап при подготовка или проценка на документацијата и донесување професионални одлуки;
- Поттикнување на инвентивност, креативност и лидерски способности со цел унапредување на регулаторната пракса и заштита на јавното здравје.

Оправданост

Современите фармацевтски регулативи се во постојана еволуција, паралелно со развојот на нови технологии, дигитализацијата, појавата на иновативни терапии и глобализацијата на пазарот, што условува зголемена потреба од високоспецијализирани професионалци. Со завршување на специјалистичките студии од областа на фармацевтската регулатива, кандидадите ќе можат да го применуваат хармонизираниот регулаторен пристап и да придонесат кон зголемена конкурентност на фармацевтска индустрија, да го поддржат развојот и имплементацијата на здравствени политики усогласени со европските стандарди како и да придонесат кон побрза и поефикасно одобрување на на квалитетни и безбедни лекови.

Завршувањето на специјалистичките студии од областа на фармацевтската регулатива, како составен дел на новиот модел за градење на кариера ќе овозможи надоградување и унапредување на кандидатите на професионален план преку:

- стекнување на систематизирано знаење и разбирање на регулаторните барањата за ставање во промет и постмаркетиншко следење на лековите во ЕУ, САД и на национално ниво
- познавање на регулаторните барања, критичните елементи и документацијата за претклиничките и клиничките испитувања на лекови, како и за фармаковигиланцата на лековите за хумана употреба
- стекнување на знаења и разбирање на регулаторните гледишта во дизајнирањето, развојот и ставањето во промет на иноваторните и генеричките лекови, новите напредни терапии и специјалните категории на биолошки лекови, биолошки слични лекови, педијатриски лекови, лековите наменети за ретки болести, хербални и традиционални хербални лекови
- познавање на регулаторните барања за квалитет и безбедност на медицинските средства и додатоците во исхрана
- познавање на регулаторниот пристап како дел од стратегијата за спречување на прозводство, трговија и продажба на фалсификувани лекови.

Инкорпорирањето на регулаторни гледишта во ваков фармацевтски курикулум дава подобра перспектива за индивидуален развој, можност за поуспешна професионална кариера и решавање на прашања поврзани со фармацевтската регулатива на професионалци коишто работат или ќе работат во регулаторни тела и инспециските служби, претставништва на фармацевтски компании, фармацевтско-хемиска и биотехнолошка индустрија, во институциите за спроведување на неклиничките и клиничките испитувања, како и во лабораториите за контрола на квалитет на лековите, додатоците во исхрана и медицинските средства.

Во овие институции, специјалистите по фармацевтска регулатива ќе станат експерти од областа на законодавството и регулаторните барања и ќе поседуваат релевантно знаење од областа на фармацевтската легислатива за решавање на прашања поврзани со барањата за различните постапки и типови на апликации за добивање на одобрение за ставање во промет и пост-маркетиншко следење на животниот век на лековите, знаење и вештина за преглед на меѓународната и националната легислатива со цел добивање на релеванти информации, познавања за протоколите за неклинички и клинички испитувања, знаење и вештини за организирање, развој и управување со ефикасен систем на фармаковигеланца, како и за содржината на документацијата во однос на квалитетот, безбедноста и ефикасноста на лекот, што се доставува до регулаторните тела во постапката за добивање на одобрение за ставање на лек во промет. Во фармацевтската индустрија, тие ќе бидат примарни толкувачи на законите и регулативата за другите членови вклучени во истражувањето, развојот и производството на лековите, медицинските средства и другите производи, што ќе бара од нив да поседуваат и изразени комуникациски и посредувачки вештини.

Високоспецијализираните професионалци ќе поседуваат сознанија и за хармонизираната фармацевтската регулатива во светот со што ќе се овозможи висок квалитет на производите, скратување на времето за нивно ставање во промет, олеснување на постапката за регистрација на глобално ниво, како и пост- маркетиншко следење на животниот век на производите.

4. Усогласеност на студиската програма со потребите на општеството за дадениот профил на кадри

Програмата за специјалистички студии по фармацевтска регулатива има за цел да создаде професионалци со специјализирани знаења и вештини од областа на меѓународната и националната регулатива за лекови, медицински средства и додатоци во исхрана. Потребата произлегува од комплексноста и динамичниот развој на фармацевтската, хемиската и биотехнолошката индустрија, кои се меѓу највисоко регулираните индустрии и каде што регулаторните прашања играат клучна улога. Овој кадар претставува неопходна комуникациска врска помеѓу индустријата, обезбедувањето на квалитет на лековите и регулаторните тела.

Фармацевтската регулатива денес е базирана на наука, интердисциплинарна и глобално хармонизирана, со високи барања во поглед на квалитет, безбедност и ефикасност. Поради постојаната појава на нови иновативни и генерички лекови, биолошки слични препарати, лекови за ретки болести, педијатриски лекови и напредни терапии, постои зголемена потреба од високообучен кадар способен да се справи со овие предизвици.

Овие специјалисти претставуваат важна врска меѓу индустријата, регулаторните тела и здравствениот систем, со улога во регистрацијата, постмаркетиншкото следење и спречувањето на пазарот на фалсификувани лекови. Тие се вработуваат во регулаторни агенции, инспекциски служби, претставништва на фармацевтски компании, контролни лаборатории и истражувачки институции.

Оваа проблематика не се изучува во ниту една високообразовна институција во Република Северна Македонија, ниту е вклучена во доволен обем во постоечкиот курикулум за интегрирани студии од прв и втор циклус за стекнување со звањето магистер по фармација и од трет циклус за стекнување со звањето доктор на науки на Фармацевтскиот факултет во Скопје. Специфичноста и комплексноста на проблематиката, динамиката со која таа се менува и потребите да се следат промените во меѓународни рамки од една страна, како и растечката потреба за високо специјализиран кадар од друга страна, условија создавање на флексибилен курикулум за специјалистички студии што се темели на курсеви со богата содржина и е соодветен на интересите на учесниците и подеднакво расположлив и за лицата кои се вработени и за лицата кои покажуваат интерес за развој на професионална кариера во ова подрачје. Оттука, воведувањето на оваа специјалистичка програма одговара на реалните потреби на општеството и индустријата за создавање на високоспецијализиран и конкурентен кадар на национално и европско ниво.

5. Ниво во Националната рамка на високообразовните квалификации, студиска програма Магистер по лабораториска анализа и инженерство во фармацијата, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет - Скопје согласно со Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации

Ниво во Националната рамка на високообразовните квалификации		Високо образование	Ниво во Европската рамка на високообразовни квалификации
VII	Б	стручни студии	7

6. Цели на студиска програма и резултати од учење кои означуваат успешно завршување на вториот циклус на студии (60 ЕКТС) и се доделуваат на лице кое ги исполнува следните дескриптори на квалификациите:

Цели на студиската програма

- стекнување на систематизирани и продлабочени знаења за националната, европската и меѓународната фармацевтска регулатива.
- развивање на практични вештини за примена на регулаторните барања во процесот на развој, производство, ставање во промет и постмаркетиншко следење на лековите.
- поттикнување на критичко, аналитичко и интердисциплинарно размислување при решавање на регулаторни предизвици.
- градење компетенции за работа во регулаторни тела, инспекциски служби, фармацевтската индустрија и контролни лаборатории.
- развој на професионални и комуникациски вештини неопходни за регулаторна експертиза и посредување меѓу индустријата, здравствените институции и регулаторните агенции.
- можности за континуирана едукација и професионален развој во согласност со европските образовни и регулаторни стандарди.

Резултати од учење

По завршувањето на студиската програма, студентите ќе бидат способни да:

- Објаснат и интерпретираат регулаторни барања за различни категории лекови (синтетски, биолошки, биослични, лекови за ретки болести, педијатриски, хербални и традиционални).
- Го познаваат процесот на развој, неклинички и клинички испитувања, регистрација и постмаркетиншки надзор на лековите во ЕУ, САД и на национално ниво.
- Го разбираат значењето на фармаковигиланцата, управувањето со ризик и стратегиите за спречување на фалсификувани лекови.
- Го познаваат регулаторниот пристап за медицински средства и додатоци во исхрана.

По завршувањето на студиската програма, студентите ќе развијат вештини за:

- Подготовка, проценка и критичка анализа на досие за добивање одобрение за ставање на лек во промет (CTD/eCTD).
- Примена на меѓународни водичи и стандарди (ICH, EMA, FDA, WHO) во практична работа.
- Организирање и управување со систем за фармаковигиланца и контрола на квалитет.
- Ефективна комуникација со индустријата, регулаторни органи и јавноста преку стручни извештаи и презентации.

6.а. Општи дескриптори на квалификации за втор циклус на едногодишни студии со 60 ЕКТС, за студиската програма поднесена за реакредитација, согласно со Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации

Тип на дескриптор	Опис
Знаење и разбирање	Покажува знаење и разбирање, кое се надоградува врз додипломското образование од прв циклус и или од 1 и 2 циклус (интегрирани студии) од областа на материјата поврзана со фармацевтската регулатива и други сродни дисциплини, применувајќи методологии за решавање на сложени проблеми на систематски и креативен начин што дава основи и оргиналност во развивањето и примената на автономни идеи за време на студирањето како и понатаму на полето на професионалните активности. Поседува сознанија за хармонизираната фармацевтската регулатива ширум светот за обезбедување на квалитет, безбедност и ефикасност на лековите, медицинските средства и додатоците во исхрана, во однос на постапката за добивање на одобрение за ставање во промет, олеснување на постапката за регистрација на глобално ниво, како и пост-маркетиншко следење на животниот век на лекот, со што се здобива со високо ниво на професионална компетентност во областа на фармацевтска регулатива.
Примена на знаењето и разбирањето	Поседува способност за стручна и независна примена на знаења во решавање на прашањата поврзани со: обезбедување на квалитет, безбедност и ефикасност на лековите во тек на нивниот развој, управување со квалитетот базирано на проценка на ризик, барањата за различните процедури и типови на апликации за добивање на одобрение за ставање во промет, пост-маркетиншко следење на животниот век на лекот преку поднесување на варијации на документацијата и следење на несаканите ефекти од употребата на лековите, како и проценката на ризикот за околината од експанзивната употреба на лекови. Поседува способност за критично, индивидуално и креативно решавање проблеми со одредена оргиналност во нови или непознати средини и во мултидисциплинарен контекст, поврзани со полето на професионсалното усовршување.
Способност за проценка	Покажува стручно знаење за подготовка или за проценка на документацијата во постапката на добивање на одобрение за ставање на лекот во промет и негово пост-маркетиншко следење, применувајќи независен, критичен и научен пристап. Покажува способност за синтетизирање и интегрирање на знаењето. Способност за системско и креативно справување со сложени прашања, за солидно проценување дури и при некомплетни и ограничени информации, кои ги вклучуваат личните, општествените и етичките одговорности при примената на стекнатото знаење и проценка.
Комуникациски вештини	Користи соодветна професионална комуникација за воспоставување на соработка со колеги и со професионалци од регулаторните органи и инспециските служби, фармацевтската и биотехнолошката индустрија, контролните лаборатории како и институциите за спроведување на претклиничките и клиничките испитувања. Користи соодветна професионална комуникација зависно од опсегот и карактеристките на своето работно место и работните задачи.
Вештини на учење	Презема иницијатива да ги идентификува потребите за стекнување понатамошно знаење и континуирано учење со висок степен на независност. Следи тековна научна литература и поседува вештини за соодветна критична евалуација на истата во насока на усовршување во потесната дејност. Демонстрира совладани и комбинирани вештини за учење, меморирање, користење на времето, индивидуално ангажирање, читање литература и пребарување релевантни информации.

6.б. Специфични дескриптори на квалификации за втор циклус на двегодишни студии со 60 ЕКТС, за студиската програма поднесена за реакредитација, согласно со Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации

Тип на дескриптор	Опис
Знаење и разбирање	• Студентите по завршување на специјалистичките студии од втор циклус треба да покажат високо ниво на систематизирано знаење и разбирање од областа на фармацевтската регулатива, како и професионална компетентност во доменот на специфичната дисциплина и во сродните области • Студентите ќе се стекнат со широки познавања за барањата на фармацевтската регулатива за ставање во промет и постмаркетиншко следење на лековите во ЕУ и САД, како и за хармонизација на националната регулатива со регулативата на ЕУ • Обезбедување на целосен и детален преглед на регулаторните барања, критичните елементи, документацијата и добрите практики на претклиничките и клиничките испитувања на лекови во процесот на регистрација и постмаркетиншко следење на лековите • Основни знаења за фармаковигиланцата што се однесуваат на лековите за хумана употреба, како и запознавање со ЕУ легислативата којашто овозможува практични знаења за воспоставување на соодветен систем за фармаковигеланца • Разбирање на успешните стратегии за интегрирање на науката и регулаторните гледишта во дизајнирањето, развојот и ставањето во промет на лековите
	• Познавање на регулаторните барања за квалитет на биолошките препарати, новите напредни терапии и специјални категории на биолошки лекови, како и за биолошки сличните лекови и нивните специфики • Стекнување на знаења за европската регулативата за педијатриските лекови, лековите наменети за ретки болести, хербални и традиционални хербални лекови, како и додатоци на исхрана • Сеопфатен преглед на легислативата во ЕУ, САД и националната легислатива, вклучително и познавање на барањата за квалитет и безбедност на медицинските средства • Сеопфатно знаење и преглед на барањата за квалитет и здравствена безбедност на додатоците во исхрана • Обезбедување на информации за начините на фалсификувањето на лекови и преглед на регулативата за фалсификувани лекови, како дел од стратегијата за спречување на нивно прозводство, трговија и продажба. • Стекнување на знаење за законските одредби и регулаторните дефиниции за управување со фармацевтски отпад, категориите на отпад, како и толкување на концептите на еко-фармаковигиланца во согласност со европските политики за заштита на здравјето и животната средина. • Сознанија за принципите и придобивките од дигитализацијата во регулаторните процеси, примена на дигитални платформи за електронско управување со информации, како и за препознавање можности за етичка и критичка употреба на вештачка интелигенција во регулаторните активности. • Разбирање на придобивките од примена на доказите за употреба на лекови во реални услови во развојот на нови лекови.

Примена на знаењето и разбирањето	• Примена на релевантно знаење од областа на фармацевтската регулатива за решавање на прашања поврзани со барањата за различните постапки и типови на апликации за добивање на одобрение за ставање во промет и пост- маркетиншко следење на животниот век на лековите (иноваторни и генерички лекови, биолошки и биолошки слични лекови, педијатриски лекови, лекови наменети за ретки болести, радиофармацевтици, медиснски гасови, хербални и традиционални хербални лекови) • Демонстрира способност за критичко размислување и аргументирана дискусија при разгледување и решавање на конкретни проблеми во подготовка или проценка на документација за ставање на лекот во промет • Применува знаења за организирање и развој на ефикасен систем на фармаковигиланца • Покажува способност за решавање на конкретни проблеми поврзани со регулаторните барања за ставање во промет, постмаркетиншко следење, квалитет и безбедност на медицинските средства • Покажува стручна подготвеност за примена и анализа на легислативата во однос на квалитетот и здравствената безбедност на додатоците во исхрана • Способност за препознавање на улогата на европските иницијативи во трансформирање на регулаторната практика, како и применување на стекнатото знаење во оценка на реалниот ефект на терапиите врз популацијата • Ги применува законодавните норми и регулативи на ниво на ЕУ и РСМ
Способност за проценка	• Покажува способност за анализирање и толкување на регулаторните барањата поврзани со различните постапки и типови на апликации за ставање на лековите во промет. Покажува способност за учество и работа во интердисциплинарни тимови за исполнување на регулаторните барања во однос на квалитетот, безбедноста и ефикасноста на лековите и медицинските средства, квалитетот и безбедноста на додатоците во исхрана, како и успешно разрешување на различни професионални проблеми. Поседува вештини и знаење за брз пристап до базите на податоци од областа на фармацевтска регулатива и примена на соодветните водичи и стандарди за добивање на точна и релевантна информација за разрешување на одредени проблеми. Способност за проценка на воспоставениот систем на фармаковигиланца. • Покажува способност да користи вештини во низа рутински и комплексни ситуации што бараат анализа или споредба на можните решенија за одредени прашања и проблеми. • Покажува способност да ги следи законските, етичките, професионалните и организационите политики/постапки и кодекси и, кога е потребно, да предлага активност базирана на сопствено толкување на широкиот опфат на професионални политики/постапки.

Комуникациски вештини	• Користи соодветна професионална комуникација за воспоставување на соработка со менаџментот на организацијата, колеги и професионалци чија обука широко варира во полето на природните, биомедицинските, биотехнолошките науки и праксата. • Покажува способност за комуникација каде контекстот на дискусијата и критериумите за одлука и обемот на задачи се јасно дефинирани. • Покажува способност за независно учество во специфични интердисциплинарни дискусии за практични и научни аспекти од фармацевтската пракса, со професионален пристап. Прифаќа и консултации за совет и поделена одговорност во тимот. • Покажува способност за професионална комуникација каде контекстот на дискусијата и критериумите за одлука и обемот на задачи се или јасно дефинирани или базирани на мислење. • Користи соодветна професионална комуникација за воспоставување на соработка, но и едукација со колеги и професионалци од регулаторните органи и инспециските служби, фармацевтската и биотехнолошката индустрија, контролните лаборатории како и институциите за спроведување на претклиничките и клиничките испитувања.
Вештини на учење	• Презема иницијатива да ги идентификува потребите за стекнување понатамошно знаење и континуирано учење со висок степен на независност. Следи тековна научна литература и поседува вештини за соодветна критична евалуација на истата во насока на усовршување во потесната дејност. • Дизајнира стратегија и планови за промоција на личниот професионален развој и учествува во активности за учење, оценувајќи ја соодветноста на методите за учење, нивното влијание врз знаењето, вештините, компетентноста и праксата со висок степен на независност.

7. Утврден сооднос помеѓу задолжителните и изборните предмети, со листа на задолжителни предмети, листа на изборни предмети и дефиниран начин на избор на предметите.

СТРУКТУРА НА СТУДИСКА ПРОГРАМА

Табела 7.1. Распоред на предмети по семестри и години на студии за академски студии (АС)

Реден број	Код на предметот	Назив на предмет	Семестар	Неделен фонд на часови		ЕКТС
				П	В	
ПРВА ГОДИНА – ПРВ СЕМЕСТАР						
1	ФФФР01	Вовед во фармацевтска регулатива	1	2	/	4
2	ФФФР02	Регулатива за добивање одобрение за ставање на лек во промет	1	2	2	8
3	ФФФР03	Квалитет и регулаторна усогласеност	1	2	1	6
4	ФФФР04	Регулатива за неклинички и клинички испитувања на лекови	1	2	2	8
5	ФФФРи/00	Изборен предмет - блок 1	1	1	/	2
6	ФФФРи/00	Изборен предмет - блок 1	1	1	/	2
Вкупно часови (предавања/вежби) и ЕКТС за ПРВ СЕМЕСТАР						**30**

Реден број	Код на предметот	Назив на предмет	Семестар	Неделен фонд на часови		ЕКТС
				П	В	
ПРВА ГОДИНА-ВТОР СЕМЕСТАР						
7.	ФФФР05	Регулатива за генерички лекови	2	1,5	/	3
8.	ФФФР06	Регулатива за биолошки лекови, биотехнолошки лекови и напредна терапија	2	1,5	/	3
9.	ФФФР07	Регулаторна рамка за фармаковигиланца за лекови	2	2	2	8
10.	ФФФРи/00	Изборен предмет - блок 2	2	1	/	2
11.	ФФФРи/00	Изборен предмет - блок 2	2	1	/	2
12.	ФФФРи/00	Изборен предмет - блок 2	2	1	/	2
13	ФФФР19	Изработка на специјалистички труд	2	4	/	10
Вкупно часови (предавања/вежби) и ЕКТС за ВТОР СЕМЕСТАР						**30**

Табела 7.2. Изборни предмети на студиската програма (во Листата се вклучуваат изборните предмети од студиска програма и наставни предмети кои се изведуваат на друга единица на универзитетот, согласно член 139 став 9 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија 82/18))

Реден број	Код	Назив на предметот	Семестар	Неделен фонд на часови		ЕКТС	Од која единица
				П	В		
	ФФФРи/00	**БЛОК 1**					
1	ФФФРи08	Регулатива за лекови наменети за ретки болести	1	1	/	2	Фармацевтски факултет
2	ФФФРи09	Регулатива за педијатриски лекови	1	1	/	2	Фармацевтски факултет
3	ФФФРи10	Регулатива за хербални проозводи и традиционални хербални производи	1	1	/	2	Фармацевтски факултет
4	ФФФРи11	Регулатива за квалитет на додатоци во исхрана	1	1	/	2	Фармацевтски факултет
5	ФФФРи12	Регулатива за отпад од лекови	1	1	/	2	Фармацевтски факултет
	ФФФРи/00	**БЛОК 2**					
6	ФФФРи13	Регулатива за медицински средства	2	1	/	2	Фармацевтски факултет
7	ФФФРи14	Регулатива за биолошки слични лекови	2	1	/	2	Фармацевтски факултет
8	ФФФРи15	Регулаторен пристап за спречување на фалсификувањето на лекови	2	1	/	2	Фармацевтски факултет
9	ФФФРи16	Електронско поднесување на документација и вештачка интелигенција во регулаторни прашања	2	1	/	2	Фармацевтски факултет
10	ФФФРи17	Основи на право на интелектуална сопственост	2	1	/	2	Фармацевтски факултет
11	ФФФРи18	Докази за употреба на лекови во реални услови	2	1	/	2	Фармацевтски факултет

Табела 7.3. Прозорци на мобилност – наставни предмети кои можат да се реализираат и на англиски јазик согласно член 139 став 10 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18)

	Назив на предмет	**Наставник**	**Година/Семестар**	**ЕКТС**
1.	Вовед во фармацевтска регулатива	Проф. д-р Катерина Брезовска Проф. д-р Анета Димитровска Проф. д-р. Јелена Ацевска Проф. д-р Јасмина Тоник Рибарска	Прва/прв	4
2.	Регулатива за добивање одобрение за ставање на	Проф. д-р Катерина Брезовска Проф. д-р Анета Димитровска	Прва/прв	8

	лек во промет	Проф. д-р Руменка Петковска Проф. д-р Јелена Ацевска Проф. д-р Јасмина Тониќ Рибарска Проф. д-р Наталија Наков		
3.	Регулаторен пристап за спречување на фалсификувањето на лекови	Проф. д-р Катерина Брезовска Проф. д-р Руменка Петковска	Прва/втор	2

Табела 7.4. Преглед на застапеност на задолжителните предмети и изборните предмети на студиската програма.

Семестар	**Број на задолжителни предмети**	**Број на изборни предмети**	**Вкупно предмети**
I	4	2	6
II	4	3	7
Вкупно	8	5	13
% застапеност	61,5 %	38,5 %	100 %

Табела 7.5. Преглед на процентуалната застапеност на задолжителните предмети и изборните предмети.

Ред бр	Траење на студиите (години)/ вкупен број на ЕКТС на студиската програма	Вкупна оптовареност изразена преку ЕКТС		Оптоварност за изборни предмети изразена преку ЕКТС	
		А Вкупен број на ЕКТС на студиската програма	А1 Процентуална застапеност на ЕКТС од наставните предмети на студиската програма	**Б** Вкупен број на ЕКТС од изборни наставни предмети	Б1 Процентуална застапеност на ЕКТС од изборните наставни предмети во однос на вкупниот број на ЕКТС на студиската програма
1.	1 година 60 ЕКТС	**60**	**100%**	**10**	**(Б/А)*100=16,7%**

7.1. Правила и начин на избор на изборни предмети со можност за избор на предмети од други акредитирани студиски програми

Начин на избор на изборни предмети од студиска програма
Студентот избира изборен предмет од студиската програма согласно предвидените семестри во предметната програма.
Начин на избор на изборни предмети од универзитетска листа
/

7.2. Рокови за завршување на предвидените активности од студиската програма

Предвидените активности од студиската програма треба да се завршат за 1 година односно најдолго во времето што е два пати подолго од пропишаното време за студирање.

8. Список на наставен кадар со податоци наведени во членот 7 (Прилог бр.4) од Правилникот за содржината за студиските програми ("Службен весник на Република Македонија", бр.79/2023) и член 61 став 3 од Закон за високо образование ("Службен весник на Република Македонија", бр.82/2018)

Табела 8.1 Список на лица избрани во наставно-научни, научни и наставни звања во редовен работен однос со полно работно време **на Факултетот,** што ќе учествуваат во реализација на студиската програма

Ред бр	**Име и презиме на наставникот**	**да се наведе**		**Назив на предметот** (од Табела 7.1 и 7.2)	**Вкупен број на предмети**	
		звањето во кое е избран и во која научна област	*Областа во која што е докториран*		зимски	летен
1	Анета Димитровска	Редовен професор, Аналитика на лекови Инструментална фармацевтска анализа	Фармацевтски науки	1. Вовед во фармацевтска регулатива 2. Регулатива за добивање одобрение за ставање на лек во промет 3. Квалитет и регулаторна усогласеност 4. Електронско поднесување на документација и вештачка интелигенција во регулаторни прашања	3	1
2	Љубица Шутуркова	Редовен професор, Фармацевтска хемија	Фармацевтски науки	1. Регулаторна рамка за фармаковигиланца за лекови	0	1
3	Рената Славеска Раички	Редовен професор, Биотехнологија Фармацевтска технологија со индустриска фармација и микро/ нанотехнологија	Фармацевтски науки	1. Регулатива за педијатриски лекови	1	0
4	Кристина Младеновска	Редовен професор, Биофармација Фармацевтска	Фармацевтски науки	1. Регулатива за неклинички и клинички испитувања на лекови	1	2

		хемија		2. Регулатива за генерички лекови 3. Регулатива за биолошки слични лекови		
5	Руменка Петковска	Редовен професор Применета хемија и фармацевтски инструментални анализи	Фармацевтски науки	1. Регулатива за добивање одобрение за ставање на лек во промет 2. Квалитет и регулаторна усогласеност 3. Регулаторен пристап за спречување на фалсификувањето на лекови 4. Регулатива за квалитет на додатоци во исхрана	3	1
6	Марија Главаш-Додов	Редовен професор, Фармацевтска технологија со индустриска фармација и микро/ нанотехнологија	Фармацевтски науки	1. Квалитет и регулаторна усогласеност 2. Регулатива за генерички лекови 3. Регулатива за педијатриски лекови	2	1
7	Катерина Анчевска Нетковска	Редовен професор, Социјална фармација и предмет Право од интелектуална сопственост	Правни науки	1. Регулаторна рамка за фармаковигиланца за лекови 2. Основи на право на интелектуална сопственост	0	2
8	Ѓоше Стефков	Редовен професор, Фармакогнозија Фармацевтска ботаника	Фармацевтски науки	1. Регулатива за хербални и традиционални хербални лекови	1	0
9	Александра Грозданова	Редовен професор, Фармацевтска хемија Социјална фармација	Фармацевтски науки	1. Регулатива за биолошки лекови, биотехнолошки лекови и напредна терапија 2. Регулаторна рамка за фармаковигиланца за лекови 3. Регулатива за биолошки слични лекови 4. Докази за употреба на лекови во реални услови	0	4

10	Зоран Стерјев	Редовен професор, Фармацевтска хемија Фармако-информатика	Фармацевтски науки	1. Регулатива за неклинички и клинички испитувања на лекови 2. Регулаторна рамка за фармаковигиланца за лекови 3. Регулатива за медицински средства	1	2
11	Јасмина Тоник-Рибарска	Редовен професор, Применета хемија и фармацевтски инструментални анализи	Фармацевтски науки	1. Вовед во фармацевтска регулатива 2. Регулатива за добивање одобрение за ставање на лек во промет 3. Регулатива за лекови наменети за ретки болести 4. Регулатива за медицински средства	3	1
12	Ана Поцева Пановска	Редовен професор, Применета хемија и фармацевтски инструментални анализи	Фармацевтски науки	1. Квалитет и регулаторна усогласеност 2. Регулатива за биолошки лекови, биотехнолошки лекови и напредна терапија 3. Регулатива за отпад од лекови 4. Регулатива за биолошки слични лекови	3	1
13	Катерина Брезовска	Редовен професор, Аналитика на лекови Применета хемија и фармацевтски инструментални анализи	Фармацевтски науки	1. Вовед во фармацевтска регулатива 2. Регулатива за добивање одобрение за ставање на лек во промет 3. Регулатива за генерички лекови 4. Регулатива за биолошки лекови, биотехнолошки лекови и напредна терапија 5. Регулаторен пристап за спречување на фалсификувањето на лекови	2	3
14	Маја Симоновска-Црцаревска	Редовен професор,	Фармацевтски науки	1. Дигитални платформи, електронско	0	1

		Фармацевтска технологија со индустриска фармација и микро/ нанотехнологија		поднесување на документација и вештачка интелигенција во регулаторни прашања		
15	Јелена Ацевска	Редовен професор, Аналитика на лекови Применета хемија и фармацевтски инструментални анализи	Фармацевтски науки	1.Вовед во фармацевтска регулатива 2.Регулатива за добивање одобрение за ставање на лек во промет 3.Квалитет и регулаторна усогласеност	3	0
16	Зорица Наумовска	Редовен професор, Фармацевтска хемија	Фармацевтски науки	1. Регулатива за неклинички и клинички испитувања на лекови 2. Регулаторна рамка за фармаковигиланца за лекови 3. Докази за употреба на лекови во реални услови	1	2
17	Александра Капедановска Несторовска	Редовен професор, Фармацевтска хемија	Фармацевтски науки	1. Регулатива за неклинички и клинички испитувања на лекови 2. Регулаторна рамка за фармаковигиланца за лекови	1	1
18	Марија Карапанџова	Редовен професор, Фармакогнозија Фармацевтска ботаника	Фармацевтски науки	1. Регулатива за хербални и традиционални хербални лекови	1	0
19	Наталија Наков	Редовен професор, Применета хемија и фармацевтски инструментални анализи	Фармацевтски науки	1. Регулатива за добивање одобрение за ставање на лек во промет 2. Квалитет и регулаторна усогласеност 3. Регулатива за лекови наменети за ретки болести 4. Регулатива за отпад од лекови	4	0

20	Лилјана Анастасова	Редовен професор, Применета хемија и фармацевтски инструментални анализи	Фармацевтски науки	1. Регулатива за квалитет на додатоци во исхрана	1	0
21	Никола Гешковски	Редовен професор, Фармацевтска технологија со индустриска фармација и микро/ нанотехнологија Биофармација	Фармацевтски науки	1. Регулатива за неклинички и клинички испитувања на лекови	1	0
Вкупно					32	23

Табела 8.2 Список на лица избрани во наставно-научни, научни и наставни звања во редовен работен однос со полно работно време од други единици на високообразовната установа ангажирани на единицата каде што се реализира студиската програма

Ред бр	Име и презиме на наставникот	да се наведе			Назив на предметот (од Табела 7.1 и 7.2)	Вкупен број на предмети што ги предава на единица и студ. Програма	
		звањето во кое е избран и во која научна област	*Областа во која што е докториран*	*единица каде работи во редовен работен однос*		зимски	Летен
1	Димче Зафиров	Редовен професор, Фармакологија	Медицински науки	Медицински факултет-УКИМ, Скопје	Регулатива за неклинички и клинички испитувања на лекови	1	0
2	Јадранка Дабовиќ Анастасовска	Редовен професор, Граѓанско право	Правни науки	Правен факултет Јустинијан први, УКИМ, Скопје	Основи на право на интелектуал на сопственост	0	1

Табела 8.3 Список на лица избрани во наставно-научни, научни и наставни звања во работен однос во **друга високообразовната установа** или друга институција (приватна или јавна необразовна) ангажирани на единицата каде што се реализира студиската програма

Рб	**Име и презиме на**	**да се наведе**			**Назив на предметот**	**Вкупен број на предмети**	**Работен однос**
		звањето во кое е избран	*Областа во која*	*институцијата каде*			

	наставник от	*и во која научна област*	*што е докторирал*	*има засновано работен однос*	(од Табела 7.1 и 7.2)	зимски	летен	
1	/	/	/	/	/	/	/	/
					Вкупно	/	/	/

Табела 8.4. Број на потребните наставници за реализирање на високообразовна дејност на студиската програма (член 28 од Правилникот за стандарди и нормативи за основање и вршење на високообразовна дејнсот, "Службен весник на Република Македонија", бр.245/2022)

Ред. бр.	**Наставници вклучени во реализација на студиската програма**	**А**	**Б**	**В**	**Г**	Број на часови по наставник - годишно[1] (Бх15) х Г
		Број на наставни предмети	Вкупен фонд на часови по основ на предмети	Број на студенти за кои се бара акредитација	Големина на групата за предавања и вежби за редовни студенти[2]	
1.	Анета Димитровска	4	7	30	1	105
2.	Љубица Шутуркова	1	2			30
3.	Рената Славеска Раички	1	1			15
4.	Кристина Младеновска	3	5			75
5.	Руменка Петковска	4	6			90
6.	Марија Главаш-Додов	3	5			75

[1] Број на недели во еден семестар. Ако предметите се изведуваат во два семестра се запишува 30 недели т.е една академска година.

[2] Големина на групата за предавања и вежби се добива на тој начин што бројот на студенти за кои се бара акредитација се собира во зависност од големината на групата предвидена за предавања и вежби согласно член 35 од Правилникот за стандарди и нормативи за основање и вршење на високообразовна дејност, ("Службен весник на Република Македонија", бр.245/2022) пр. група за предавања – најмногу 100 студенти се смета како една група. Доколку утврдениот број се зголеми за 50% се отвара нова група за предавања и во графата „Г" се запишува 2.

7.	Катерина Анчевска Нетковска	2	3			45
8.	Ѓоше Стефков	1	1			15
9.	Александра Грозданова	4	6			90
10.	Зоран Стерјев	3	5			75
11.	Јасмина Тониќ-Рибарска	4	6			90
12.	Ана Поцева Пановска	4	6			90
13.	Катерина Брезовска	5	7			105
14.	Маја Симоновска-Црцаревска	1	1			15
15.	Јелена Ацевска	3	6			90
16.	Зорица Наумовска	3	5			75
17.	Александра Капедановска Несторовска	2	4			60
18.	Марија Карапанџова	1	1			15
19.	Наталија Наков	4	6			90
20.	Лилјана Анастасова	1	1			15
21.	Никола Гешковски	1	1			15
22.	Димче Зафиров	1	2			30
23.	Јадранка Дабовиќ Анастасовска	1	1			15

9. Список на обезбеден потребен број лица на ненаставен кадар, согласно член 13 од Правилникот за стандарди и нормативи за основање и вршење на високообразовна дејност (Службен весник на Република Северна Македонија бр 245/22)

Табела. 9.1. Збирен преглед на ненаставен/административен кадар по звање и работните места на високообразовната установа (факултет односно висока стручна школа)

Ред. број	Опис на работно место	Квалификација	Број на лица
1.	Секретар	ВСС	1
2.	Раководител на одделение за административни работи	ВСС	1
3.	Раководител на одделение за подршка на апликативните центри	ВСС	1
4.	Советник за информациско компјутерски технологии	ВСС	1
5.	Виш соработник за студентски прашања	ВСС	1
6.	Самостоен референт за благајна	ССС	1
7.	Самостоен референт администратор	ССС	1
8.	Виш соработник за човечки ресурси	ВСС	1
9.	Виш соработник за поддршка на центрите	ВСС	1
10.	Соработник за поддршка на центрите	ВСС	2
11.	Самостојни референти во лабораторија	ССС	6
12.	Самостоен референт за деловно работење	ССС	1
13.	Хаусмајстор	ССС	1
14.	Хигиеничари	ОУ	2

Табела 10. Список на простории со површина со кои располага високообразовната установа (факултет односно висока стручна школа)

Р.Б.	Вид и намена на простор	Број	Број на места	Површина m^2
1.	Амфитеатар	3	300	281
2.	Предавални	1	50	154
3.	Компјутерски центар	1	20	40
4.	Лаборатори за стручно-апликативна и за научноистражувачка работа	6	по потреба	230
5.	Лаборатории за изведба на експериментални вежби	8	240	482
6,	Кабинети за научно-наставниот кадар	20	1 или 2	200
7,	Кабинети за соработнички кадар	2	„океан“ начин на работа	80

8,	Згради и објекти на факултетот	3	/	1470
			Вкупно	3000

11. Листа на опрема и Информатичко – технички ресурси предвидени за реализација на студиската програма Специјалист по здравствен менаџмент и фармакоекономија, на Фармацевтскиот Факултет, УКИМ во Скопје, согласно Прилог 2[3] од Правилникот за стандарди и нормативи за основање и вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр 245/22)

Табела 11.1 Список на опрема и наставни средства (по вид, број и намена) за вршење на дејноста што одговараат на нормативите и стандардите за вршење високобразовна дејност.

Ред.Бр.	Опрема и наставни средства	Вид	Намена	Број
1.	Лабораториски мебел со дигестори и со потребната инсталација за работа на мерна инструментална опрема		Практична настава, стручноапликативна и научноистражувачка работа	16 лаборатории со 20 дигестори
2.	Помошна лабораториска опрема и материјал	Градуирани чаши, чаши со голем волумен, одмерни стаклени тиквички) од стакло, мензури, волуметриски тиквички со затворувач, колби, епрувети од стакло, пластични епрувети, саатно стакло, рефлуксен кондензатор по Graham, шишиња за реагенси со стаклени брусени затки, керамички жичен триаголник, вакуум-пумпи, пипетори и дополнителна опрема за пипетори, полици за сушење стакларија,	Практична настава, стручноапликативна и научноистражувачка работа	Поголем број

[3] Секоја високообразовна установа (универзитет, факултет и висока стручна школа) подносител на елаборатот, Табела 10 ја прилагодува зависно од содржина нотирана во Прилог 2 согласно припадноста на единицата кон научно-истражувачко подрачје и поле од Правилникот за стандарди и нормативи за основање и вршење на високообразовна дејност (Службен весник на Република Северна Македонија бр 245/22).

		прскалки, вортекси, водени бањи, инки со долго грло, дигитални бирети, држач за епендорфи, авани и толчници, решо, порцелански топчиња, одделителни инки).		
3.	Апаратура	LC-MS/MS, GC-FID-MS, HPLC аналитички системи, HPLC препаративно-аналитички систем, IR спектрометар; микроскопи; систем за капиларна електрофореза; UV/VIS спектрофотометари, вага аналитичка, ваги обични, pH-метри; водена бања, ултрасонична бања, центрифуга, евапоратор, дестилатори, мелници, UV/Vis комора за TLC анализа Spectroline; апарат за распадливост; апарати за растворливост; сушница, рефрактометар; поларимeтар; вискозиметар; HPLC Agilent Светлосни микроскопи (20 парчиња), бинокуларни микроскопи (2 парчиња); лабораториски мебел со дигестори и со потребната инсталација за работа на инструменталната опрема; хемикалии, стандарди и друга помошна опрема; хербариум со потребната помошна опрема	Практична настава, стручно-апликативна и научноистражувачка работа	

Табела 11.2 Список на **Информатичко – технички ресурси** (по вид, број и намена) за вршење на дејноста што одговараат на нормативите и стандардите за вршење високобразовна дејност

Ред.Бр.	Информатичко – технички ресурси	Вид	Намена	Број
1.	Информатички ресурс	Компјутери со интернет пристап	Теоретска и практична настава	90
2.	Информатички ресурс	Компјутерски работни станици со соодветни software-и за предметите	Теоретска и практична настава	10
3.	Информатички ресурс	Интернет приклучоци	Теоретска и практична настава	2
4.	Информатички ресурс	Безжични мрежи	Теоретска и практична настава	8
5.	Технички ресурси	LCD проектори	Теоретска и практична настава	6
6.	Технички ресурси	Скенери	Настава	10
7.	Технички ресурси	Печатачи	Настава	53
8.	Технички ресурси	Електронска платформа за одржување на испити (exam.net)	Евалуација на знаење	1

12. Информација за бројот студенти (прв пат запишани) на студиската програма во периодот од последната акредитација

Табела 12.1. Преглед на бројот на студенти кои се запишани (по прв пат) на студиската програма во периодот на последната акредитација и бројот на студенти за кои е добиена акредитација

Академска година		Број на студенти за кои е добиена акредитација	Број на студенти запишани во прва година
1.	2021/2022	15	14
2.	2022/2023	15	10
3.	2023/2024	15	7
4.	2024/2025	15	15
5.	2025/2026	15	11
Вкупно запишани студенти		75	57

Табела 12.2. Број на студенти за кои е дообиена акредитација или запишани студенти по студиски програми, во рамките на единицата на универзитетот каде припаѓа.

Ред. број	**Назив на студиска програма**	Број на студенти за кои е добиена акредитација	Број на студенти запишани во прва година
1	Прв и втор циклус интегрирани академски студии по фармација	120	120
2	Прв циклус додипломски студии по лабораториско биоинжинерство	60	30
3	Прв циклус додипломски студии по диететика и диетотерапија	50	2
4	Докторски студии од научноистражувачко поле фармација	21	2
5	Специјалистички студии по фармацевтска регулатива	15	11
6	Специјалистички студии по хомеопатски лекови	15	0
7	Специјалистички студии по фармаковигиланца	30	7
8	Специјалистички студии по индустриска фармација	22	2
9	Магистерски студии по лабораториска анализа и инженерство во фармацијата	15	5
10	Магистерски студии по диететика и диетотерапија	15	3
11	Магистерски студии по здравствен менаџмент и фармакоекономија	30	4
	В к у п н о	393	186

Табела 12.3. Број на студенти кој се бара со (ре)акредитација согласно нето површината со која располага единицата за реализација на студиските програми

А	**Б**	**В**	**Г**
Вкупна површина со која располага единицата во м^2 (Табела 10)	Вкупен број на студенти за кои е добиена акредитација или **запишани** студенти на сите акредитирани студиски програми (Табела 12.2)	**Број на студенти за кој се бара за (ре)акредитација на нова студиска програма**	**Нето површина во м^2 по студент (Б+В)/А=**
3000	177	30	15*

*Нето површината во m^2 по студент на Фармацевтскиот факултет е пресметана како сооднос на вкупната нето површина со која располага факултетот (Табл. 10) и вкупниот број на студенти кои се запишани (табела 12.2) односно = А/(Б+В). Оттука бројот на m^2 / студент ги задоволува барањата според Член 21 од Правилникот за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр 245/22) каде нормативите за потребен простор за редовен студент изнесуваат 9,5 m^2 за студиските програми од подрачјето на медицинските науки и здравството.

12.1 Студенти со посебни потреби согласно член 36 од Правилникот за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и вршење на високообразовна дејност (Службен весник на Република Северна Македонија бр 245/22)

Табела 12.4. Услови кои високообразовната установа треба да ги обезбеди за студентите со посебни потреби.

	Услови	Опис (доколку не постои се остава празно или се нуди планирање)
1.	Непречен пристап до објектот	Пристапна рампа во главната зграда
2	Лифт	Инфраструктурна подготовка за лифт во главната зграда
3	Посебни места во училница	обезбедени
4	Електронски помагала	/

13. Информација за научно-истражувачка и издавачка дејност согласно член 18 од Правилникот за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и вршење на високообразовна дејност (Службен весник на Република Северна Македонија бр 245/22)

Фармацевтскиот факултет континуирано создава, подготвува и реализира квалитетна реализација на научно-истражувачката дејност преку различни видови програми, како и преку национални и меѓународни проекти. Знаењето што се стекнува преку спроведување на научно-истражувачка работа се вклучува во наставниот процес. Фармацевтскиот факултет постојано поттикнува и обезбедува услови, наставниот кадар активно да се занимава со научноистражувачка работа и да ги објавува резултатите од таа работа.

Издавачката дејност на Факултетот се остварува согласно Одлуката за постапката и организирање на издавачката дејност на Фармацевтски факултет Скопје во состав на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје со која се уредуваат специфичностите во постапката за издавање на учебници, учебни помагала, монографии, студии, збирки на задачи, скрипти, практикуми, упатства за вежби, информациони пакети за студентите, годишник-зборник, списанија и друга научно-стручна литература како и електронски изданија од дејноста на Фармацевтски факултет.

Факултетот во областа на издавачка дејност врши: утврдување на потребите од изданија,донесува годишен план за издавање, печатење на изданија, објавување на изданија во електронска форма (електронско издавање), координирање на издавачката дејност на Факултетот, обезбедување финансиски средства за издавачката дејност и други активности поврзани со издавачката дејност.

14. Библиотека и информација за обезбедена задолжителна и дополнителна литература член 37 од Правилникот за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и вршење на високообразовна дејност (Службен весник на Република Северна Македонија бр 245/22)

Член 37 При уписот во библиотеката секој студент треба да добие упатство за користење на библиотечниот фонд, информатичките и техничките средства достапни во библиотеката и читалната. Бројот на примероци за задолжителна литература е најмалку 10%, а за дополнителната литература најмалку 5% од бројот на студенти кои во моментот посетуваат настава по дадената предметна програма.

Табела 14.1. Список на задолжителна литература и бројот на примероци

Ред. Бр.	Вид на литература нотирана во Прилог 3	Број на примероци	Електронски формат (Pdf, word и др) [4]
	Национална легислатива (закони, правилници, упатства)	/	Pdf, достапни на: https://lekovi.zdravstvo.gov.mk/drugsregister/overview
	ЕУ директиви/регулативи/водичи	/	Pdf, достапни на: https://health.ec.europa.eu/medicinal-products/eudralex_en
	EMA QWP водичи	/	Pdf, достапни на: https://www.ema.europa.eu/en/homepage
	Фармакопеји (Ph. Eur., USP)	/	Pdf
	ICH водичи	/	Pdf, достапни на: https://www.ich.org/
	FDA водичи	/	Pdf, достапни на: https://www.fda.gov/drugs/guidance-compliance-regulatory-information
	D. Wang and A. Bakhai, Clinical Trials. A Practical Guide to Design, Analysis and Reporting, Remedica, 2006	/	Pdf
	J. I. Galin, F. P. Ognibene, rinciple and Practice of Clinical Research, Elsevier Inc., 2007	/	Pdf
	S. C. Gad, Preclinical Development Handbook. ADME and Biopharmaceutical properties. John Wiley & Sons, 2008	/	Pdf
	M. C. Rodge, D. R. Taft Preclinical Drug Development: Toxicology, Informa Healthcare, USA, Inc., 2010	/	Pdf
	Handbook: Good Laboratory Practice (GLP): Quality Practices for regulated non-clinical research and development, WHO, 2009	/	Pdf
	Водичи на OECD за испитување на лекови и хемикалии	/	Pdf
	Ng. Rick, John , Drugs from discovery to approval, Wiley & Sons, 2008	/	Pdf
	D.Hauschke, V. Steinijans, I. Pigeot, Bioequivalence Studies in Drug Development., Methods and Applications, Wiley, 2007	/	Pdf
	Scott Patterson, Bioequivalence and Statistics in Clinical Pharmacology Wyeth, Research and Development, Collegeville, PA	/	Pdf

[4] Во графата се пишува/се обележува вкупниот број на задолжителна и дополнителна литература за која единицата располага во електронска верзија, преку пристап до електронска библиотека

	USA; Byron Jones, Pfizer Research & Development, Kent, UK, 2005		
Јас **Наталија Наков** избрана во звање **Редовен професор** и вработен на Фармацевтскиот факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје давам согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма од втор циклус по Фармацевтска регулатива, по наставниот предмет/и:

1. Регулатива за добивање одобрение за ставање на лек во промет
2. Квалитет и регулаторна усогласеност
3. Регулатива за лекови наменети за ретки болести
4. Регулатива за отпад од лекови

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ - Скопје

Примено: 10 -11- 2025			
Орг. Ед.	Број:	Прилог:	Вредност:
03	817/12		

Скопје 10/11/2025

Подносител на изјава

Врз основа на член 61 став 1 тока 4 од Законот за високо орбазование Службен весник на Република Македонија број 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија број 178/2021, 58/2024 и 124/2025) ја давам следната

И З Ј А В А

За давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма од втор циклус на студии по Фармацевтска регулатива

Јас **Кристина Младеновска** избрана во звање **Редовен професор** и вработен на Фармацетвскиот факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје давам согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма од втор циклус по Фармацевтска регулатива, по наставниот предмет/и:

1. Регулатива за неклинички и клинички испитувања на лекови

2. Регулатива за генерички лекови

3. Регулатива за биолошки слични лекови

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ - Скопје

Примено: 10 -11- 2025			
Орг. Ед.	Број:	Прилог:	Вредност:
03	817/13		

Скопје 10/11/2025

Подносител на изјава

Врз основа на член 61 став 1 тока 4 од Законот за високо орбазование Службен весник на Република Македонија број 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија број 178/2021, 58/2024 и 124/2025) ја давам следната

И З Ј А В А

За давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма од втор циклус на студии по Фармацевтска регулатива

Јас **Катерина Брезовска** избрана во звање **Редовен професор** и вработен на Фармацетвскиот факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје давам согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма од втор циклус по Фармацевтска регулатива, по наставниот предмет/и:

1. Вовед во фармацевтска регулатива
2. Регулатива за добивање одобрение за ставање на лек во промет
3. Регулатива за генерички лекови
4. Регулатива за биолошки лекови, биотехнолошки лекови и напредна терапија
5. Регулаторен пристап за спречување на фалсификувањето на лекови

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ - Скопје

Примено: 10 -11- 2025			
Орг. Едн.	Број:	Прилог:	Вредност:
03	817/4		

Скопје 10/11/2025

Подносител на изјава

Врз основа на член 61 став 1 тока 4 од Законот за високо орбазование Службен весник на Република Македонија број 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија број 178/2021, 58/2024 и 124/2025) ја давам следната

ИЗЈАВА

За давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма од втор циклус на студии по Фармацевтска регулатива

Јас **Јасмина Тоник-Рибарска** избрана во звање **Редовен професор** и вработен на Фармацетвскиот факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје давам согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма од втор циклус по Фармацевтска регулатива, по наставниот предмет/и:

1. Вовед во фармацевтска регулатива
2. Регулатива за добивање одобрение за ставање на лек во промет
3. Регулатива за лекови наменети за ретки болести
4. Регулатива за медицински средства

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ - Скопје

Примено: 10 -11- 2025			
Орг. Един.	број:	Прилог:	Вредност:
03	817/15		

Скопје 10/11/2025

Подносител на изјава

Врз основа на член 61 став 1 тока 4 од Законот за високо орбазование Службен весник на Република Македонија број 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија број 178/2021, 58/2024 и 124/2025) ја давам следната

И З Ј А В А

За давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма од втор циклус на студии по Фармацевтска регулатива

Јас **Лилјана Анастасова** избрана во звање **Редовен професор** и вработен на Фармацетвскиот факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје давам согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма од втор циклус по Фармацевтска регулатива, по наставниот предмет/и:

1. Регулатива за квалитет на додатоци во исхрана

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ - Скопје

Примено: 10 -11- 2025			
Орг. Един.	Број:	Прилог:	Вредност:
03	817/16		

Скопје 10/11/2025

Подносител на изјава

Л. Анастасова

_____

Врз основа на член 61 став 1 тока 4 од Законот за високо орбазование Службен весник на Република Македонија број 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија број 178/2021, 58/2024 и 124/2025) ја давам следната

И З Ј А В А

За давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма од втор циклус на студии по Фармацевтска регулатива

Јас **Александра Капедановска Несторовска** избрана во звање **Редовен професор** и вработен на Фармацетвскиот факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје давам согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма од втор циклус по Фармацевтска регулатива, по наставниот предмет/и:

1. Регулатива за неклинички и клинички испитувања на лекови

2. Регулаторна рамка за фармаковигиланца за лекови

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ - Скопје

Примено: 10 -11- 2025			
Орг. Еди...	Број:	Прилог:	Вредност:
03	817/17		

Скопје 10/11/2025

Подносител на изјава

Врз основа на член 61 став 1 тока 4 од Законот за високо орбазование Службен весник на Република Македонија број 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија број 178/2021, 58/2024 и 124/2025) ја давам следната

ИЗЈАВА

За давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма од втор циклус на студии по Фармацевтска регулатива

Јас **Ана Поцева Пановска** избрана во звање **Редовен професор** и вработен на Фармацетвскиот факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје давам согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма од втор циклус по Фармацевтска регулатива, по наставниот предмет/и:

1. Квалитет и регулаторна усогласеност
2. Регулатива за биолошки лекови, биотехнолошки лекови и напредна терапија
3. Регулатива за отпад од лекови
4. Регулатива за биолошки слични лекови

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ - Скопје

Примено: 10 -11- 2025			
Орг. Един.	Број:	Прилог:	Вредност:
03	817/18		

Скопје 10/11/2025

Подносител на изјава

Врз основа на член 61 став 1 тока 4 од Законот за високо орбазование Службен весник на Република Македонија број 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија број 178/2021, 58/2024 и 124/2025) ја давам следната

ИЗЈАВА

За давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма од втор циклус на студии по Фармацевтска регулатива

Јас **Руменка Петковска** избрана во звање **Редовен професор** и вработен на Фармацетвскиот факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје давам согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма од втор циклус по Фармацевтска регулатива, по наставниот предмет/и:

1. Регулатива за добивање одобрение за ставање на лек во промет
2. Квалитет и регулаторна усогласеност
3. Регулаторен пристап за спречување на фалсификувањето на лекови
4. Регулатива за квалитет на додатоци во исхрана

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ - Скопје

Примено: 10 -11- 2025			
Орг. Един.	Број:	Прилог:	Вредност:
03	817/19		

Скопје 10/11/2025

Подносител на изјава

Врз основа на член 61 став 1 тока 4 од Законот за високо орбазование Службен весник на Република Македонија број 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија број 178/2021, 58/2024 и 124/2025) ја давам следната

И З Ј А В А

За давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма од втор циклус на студии по Фармацевтска регулатива

Јас **Маја Симоновска-Црцаревска** избрана во звање **Редовен професор** и вработен на Фармацетвскиот факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје давам согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма од втор циклус по Фармацевтска регулатива, по наставниот предмет/и:

1. Дигитални платформи, електронско поднесување на документација и вештачка интелигенција во регулаторни прашања

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ - Скопје

Примено: 10 -11- 2025			
Орг. Един.	Број:	Прилог:	Вредност:
03	817/20		

Скопје 10/11/2025

Подносител на изјава

Врз основа на член 61 став 1 тока 4 од Законот за високо орбазование Службен весник на Република Македонија број 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија број 178/2021, 58/2024 и 124/2025) ја давам следната

И З Ј А В А

За давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма од втор циклус на студии по Фармацевтска регулатива

Јас **Анета Димитровска** избрана во звање **Редовен професор** и вработен на Фармацетвскиот факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје давам согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма од втор циклус по Фармацевтска регулатива, по наставниот предмет/и:

1. Вовед во фармацевтска регулатива

2. Регулатива за добивање одобрение за ставање на лек во промет

3. Квалитет и регулаторна усогласеност

4. Електронско поднесување на документација и вештачка интелигенција во регулаторни прашања

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ - Скопје

Примено: 10 -11- 2025			
Орг. Един.	Број:	Прилог:	Вредност:
03	817/21		

Скопје 10/11/2025

Подносител на изјава

Врз основа на член 61 став 1 тока 4 од Законот за високо орбазование Службен весник на Република Македонија број 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија број 178/2021, 58/2024 и 124/2025) ја давам следната

ИЗЈАВА

За давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма од втор циклус на студии по Фармацевтска регулатива

Јас **Никола Гешковски** избран во звање **Редовен професор** и вработен на Фармацевтскиот факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје давам согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма од втор циклус по Фармацевтска регулатива, по наставниот предмет/и:

1. Регулатива за неклинички и клинички испитувања на лекови

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ - Скопје

Примено: 10-11-2025			
Орг. Един.	Број:	Прилог:	Вредност:
03	817/24		

Скопје 10/11/2025

Подносител на изјава

Geskovski N

Врз основа на член 61 став 1 тока 4 од Законот за високо орбазование Службен весник на Република Македонија број 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија број 178/2021, 58/2024 и 124/2025) ја давам следната

ИЗЈАВА

За давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма од втор циклус на студии по Фармацевтска регулатива

Јас **Димче Зафиров** избран во звање **Редовен професор** и вработен на Медицински факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје давам согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма од втор циклус по Фармацевтска регулатива, по наставниот предмет/и:

1. Регулатива за неклинички и клинички испитувања на лекови

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ - Скопје

Примено: 10 -11- 2025			
Орг. Един.	Број:	Прилог:	Вредност:
03	817/27		

Скопје 10/11/2025

Подносител на изјава

Проф. д-р Димче Зафиров
СПЕЦ. КЛИНИЧКИ ФАРМАКОЛОГ

Врз основа на член 61 став 1 тока 4 од Законот за високо орбазование Службен весник на Република Македонија број 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија број 178/2021, 58/2024 и 124/2025) ја давам следната

ИЗЈАВА

За давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма од втор циклус на студии по Фармацевтска регулатива

Јас **Јадранка Дабовиќ Анастасовска** избрана во звање **Редовен професор** и вработен на Правен факултет Јустинијан први – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје давам согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма од втор циклус по Фармацевтска регулатива, по наставниот предмет/и:

1. Основи на право на интелектуална сопственост

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ - Скопје

Примено: 10 -11- 2025			
Орг. Един.	Број:	Прилог:	Вредност:
03	817/23		

Скопје 10/11/2025

Подносител на изјава

5. Согласност на Универзитетскиот сенат, односно Научниот советот за учество на наставникот во реализација на студиската програма на единица од друг Универзитетот (член 179 од Законот за високо образование, Службен весник на Република Македонија, бр.82/2018)

Република Северна Македонија
Универзитет "Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 02-1239/10
03 11 2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 110, став 1 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 82/2018 и „Сл. весник на РСМ" бр. 178/2021, 58/2024 и 124/2025) и член 58, став 1, точка 24 од Статутот на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 454, 16 октомври 2019 година), Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје на седницата одржана на 31.10.2025 година, ја донесе следнава

О Д Л У К А

1. Наставно-научниот совет донесе одлука за согласност за ангажман на д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје за вршење високообразовна дејност во постапката за повторна акредитација на студиската програма Фармацевтска регулатива на втор циклус студии на Фармацевтскиот факултет - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на предметот Основи на правото на интелектуална сопственост.

2. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

3. По еден примерок од одлуката да се достави до Фармацевтскиот факултет во Скопје, именуваната, продеканот за настава, секретарот, советникот за човечки ресурси и архивата на Факултетот.

Декан,

Проф.д-р Сашо Георгиевски

Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Медицински факултет во Скопје
Republic of North Macedonia
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje
Faculty of Medicine in Skopje

Бр. 02-5397/22
22.09.2025 година
Скопје

Врз основа на член 73 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје во Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, (Универзитетски гласник број 458/ 2019 година и 458/2021-анекс), и член 179 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" број 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 178/2021 и 58/24), а на барања од Фармацевтскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр.03-4891/1, 03-4892/1, 03-4893/1 и 03-4894/1 од 25.08.2025 година, Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје на својата **XXIV** редовна седница одржана на **22.09.2025** година ја донесе следнава

ОДЛУКА

за давање согласност за вршење на високообразовна дејност

1. На ***проф.д-р Томислав Станковски, доц.д-р Душко Лукарски и ас.д-р Ирена Саздова Данова*** им се дава согласност за вршење на високообразовна дејност на Фармацевтскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, студиската програма магистер по фармација (интегрирани прв и втор циклус на студии) по предметот ***Биофизика*** во учебната 2025/2026.

2. На ***проф.д-р Гордана Петрушевска и проф.д-р Магдалена Богдановска Тодоровска*** им се дава согласност за вршење на високообразовна дејност на Фармацевтскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на прв циклус студии по студиската програма лабараториско биоинженерство по предметот ***Патофизиологија со патологија*** во учебната 2025/2026 година.

3. На ***проф.д-р Елизабета Чадиковска*** и се дава согласност за вршење на високообразовна дејност на Фармацевтскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на студиската програма магистер по фармација (интегрирани студии од прв и втор циклус студии) по предметите: ***Анатомија и физиологија I семестар и Анатомија и физиологија IV семестар*** во учебната 2025/2026 година.

4. На ***проф.д-р Бети Дејанова, проф.д-р Сања Манчевска, проф.д-р Сунчица Петровска, проф.д-р Лидија Тодоровска, проф.д-р Јасмина Плунцевиќ Глигороска, проф.д-р Иванка Караѓозова, ас.д-р Махаела Несторова Бражанска, ас.д-р Биљана Спиркоска Вангеловска и ас.д-р Вангел Ристовски,*** им се дава согласност за вршење на високообразовна дејност на Фармацевтскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на прв циклус студии по студиската програма лабараториско

биоинженерство по предметот ***Вовед во физиологијата***, на студиската програма на прв циклус студии по диететика и диететотерапија по предметот ***Физиологија на човекот*** и на студиската програма магистер по фармација (интегрирани студии од прв и втор циклус студии) по предметите ***Анатомија и физиологија I семестар и Анатомија и физиологија IV семестар*** во учебната 2025/2026 година.

5. На ***проф.д-р Дејан Докиќ, проф.д-р Татјана Миленковиќ, проф.д-р Ненад Јоксимовиќ, проф.д-р Сашко Кедев, проф.д-р Гоце Спасовски, проф.д-р Елизабета Србиновска Костовска, проф.д-р Силвана Јованова, проф.д-р Соња Генадиева Ставриќ, проф.д-р Мери Трајковска, проф.д-р Магдалена Генадиева Димитрова, проф.д-р Петар Дејанов, проф.д-р Нико Беќаровски, проф.д-р Андон Чибишев, проф.д-р Ирина Пановска Ставридис, проф.д-р Марија Вавлукис, проф.д-р Маријан Бошевски, проф.д-р Весна Ристовска, проф.д-р Ѓулшен Селим, проф.д-р Билјана Герасимовска Китановска, проф.д-р Снежана Марковиќ, проф.д-р Деска Димитриевска, проф.д-р Лидија Петковска, проф.д-р Злате Стојаноски, проф.д-р Ѓорѓи Дерибан, проф.д-р Калина Гривчева Старделова, проф.д-р Александра Пивкова Вељановска, проф.д-р Љубинка Дамјановска Крстиќ, проф.д-р Жанина Переска, проф.д-р Христо Пејков, проф.д-р Дејан Спасовски, проф.д-р Јорго Костов, проф.д-р Емилија Антова, проф.д-р Лидија Попоска, проф.д-р Владимир Андреевски, проф.д-р Бети Тодоровска, проф.д-р Искра Битоска, проф.д-р Саша Мишевска Јовановска, проф.д-р Павлинка Цекова Видимлиски, проф.д-р Дафина Николова, проф.д-р Светлана Крстевска Балканов, проф.д-р Антони Георгиев, проф.д-р Оливер Калпак, проф.д-р Ирена Рамбабова Бушљетиќ, проф.д-р Лада Трајчевска, проф.д-р Сава Пејковска, проф.д-р Димитар Каркински, доц.д-р Фана Личоска Јосифовиќ, доц.д-р Емилија Сандевска, доц.д-р Маја Бојаџиоска, доц.д-р Ирфан Ахмети, доц.д-р Филип Гучев, доц.д-р Марија Здравеска, доц.д-р Ирена Ангеловска, доц.д-р Билјана Зафировска Талеска, доц.д-р Ирфан Исмаили и доц.д-р Дејан Тодевски*** им се дава согласност за вршење на високообразовна дејност на Фармацевтскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје на студиската програма магистер по фармација (интегрирани студии од прв и втор циклус студии) по предметот ***Клиничка фармација и терапевтици*** во учебната 2025/2026 година.

6. На ***проф.д-р Венјамин Мајсторов, проф.д-р Даниела Поп Ѓорчева, проф.д-р Ана Угринска, проф.д-р Синиша Стојаноски, доц.д-р Невена Маневска, доц.д-р Тања Маказлиева и доц.д-р Анамарија Јанкуловска*** им се дава согласност за вршење на високообразовна дејност на Фармацевтскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на студиската програма од прв циклус на студии по диететика и диететотерапија по предметот ***Одбрани поглавја од патофизиологија***, на студиската програма магистер по фармација (интегрирани прв и втор циклус на студии) по предметот ***Патофизиологија*** и на студиската програма од прв циклус на студии по лабараториско биоинженерство по предметот ***Патофизиологија со патологија*** во учебната 2025/2026 година.

7. На ***проф.д-р Никола Лабачевски и проф.д-р Димче Зафиров,*** им се дава согласност за вршење на високообразовна дејност на Фармацевтскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, настава на специјалистички студии од втор циклус од областа фармацевтска регулатива по предметот ***Предклинички и клинички испитувања на лекови и документација*** во учебната 2025/2026 година.

8. На ***проф.д-р Никола Лабачевски, проф.д-р Маја Сланинка Мицева, проф.д-р Трајан Балканов, проф.д-р Димче Зафиров, проф.д-р Јасмина Тројачанец, проф.д-р Круме Јаковски, н.сов.д-р Игор Кикерков, н.сов.д-р Емилија Атанасовска, н.сов.д-р Марија Петрушевска в.н.сор.д-р Калина Георгиева, насл.вонр.проф.д-р Кристина Павловска, ас.д-р Бојан Лабачевски, ас.д-р Емилија Шиколе, ас.д-р Александар Никодиновски***, им се дава согласност за вршење на високообразовна дејност на Фармацевтскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на студиската програма магистер по фармација по предметите: ***Основи на фармакологија*** и ***Вовед во клиничка фармација*** во учебната 2025/2026 година.

9. На ***проф.д-р Жаклина Цековска, проф.д-р Гордана Јанкоска, проф.д-р Маја Јурхар Павлова, в.н.сор.д-р Лилјана Лабачевска Ѓатовска, н.сор.д-р Марко Костовски, ас.д-р Радомир Јовчевски и ас.д-р Даница Ковачева Трпковска*** им се дава согласност за вршење на високообразовна дејност на Фармацевтскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на студиската програма магистер по фармација (интегрирани студии од прв и втор циклус) по предметот ***Микробиологија***, на студиската програма на прв циклус студии по диететика и диететотерапија по предметот ***Микробиологија на храна*** и на студиската програма од прв циклус студии по студиската програма за лабараториско биоинженерство по предметот ***Микробиологија со имунологија***, во учебната 2025/2026 година.

10. За ангажирање на наставниците од точка 1 на оваа одлука двете единици склучуваат договор за взаемните права и обврски.

11. Одлуката да се достави до:
- Именованите
- Фармацевтски факултет во Скопје
- Одделение за правни работи
- Продекан за настава
- Архива на факултетот

Декан
Проф. д-р Светозар Антовиќ

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ - Скопје

Примено: 26 -09- 2025			
Орг. Един.	Број:	Прилог:	Вредност:
03	625/8-2		

ПРИЛОГ БР. 3

1. Предметни програми со информации согласно со членот 4 од Правилникот за содржина на студиските програми (“Службен весник на Република Македонија”, бр.79/2023)

Ред. број: 1

Прилог бр.3		Предметна програма од втор циклус на студии			
1.	Наслов на наставниот предмет	**ВОВЕД ВО ФАРМАЦЕТВСКА РЕГУЛАТИВА**			
2.	Код	**ФФФР01**			
3.	Студиска програма	Специјалистички студии по фармацевтска регулатива			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Фармацевтски факултет, УКИМ, Скопје,			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Студии од втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Прва	семестар	прв
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	4 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Катерина Брезовска (одговорен наставник) Проф. д-р Анета Димитровска Проф. д-р. Јелена Ацевска Проф. д-р Јасмина Тониќ Рибарска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски јазик			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	нема			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	**Целта на програмата** е: Да им овозможи на студентите да стекнат суштинско разбирање за основните принципи на фармацевтската регулатива, правната рамка и институциите што ги регулираат сите фази од животниот циклус на лековите (развој, одобрување и ставање во промет и следење на нивната безбедност и ефикасност во реалната употреба) на национално, европско и глобално ниво. **Очекувани резултати:** По успешно завршување на предметот, студентот ќе може: • Да ги објасни концептот, улогата и значењето на фармацевтската регулатива • Да ги разликува основните правни инструменти и институции на Европската Унија поврзани со регулативата за лекови • Да направи споредба на глобалните регулаторни системи • Да ја разбере националната регулаторна рамка, улогата на			

		Агенцијата за лекови и медицински средства, правните акти и процесот на усогласување со регулативата на ЕУ • Да лоцира, идентификува и користи релевантни извори на информации за фармацевтската регулатива (службени веб-страници на институции како EMA, EDQM, HMA, WHO, FDA, MALMED).
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	Содржина на предметната програма: *Поглавје број 1 Преглед на фармацетвската регулатива во Европска унија* • Правна рамка *(acquis communautaire)*: договори, регулативи, директиви • ЕУ институции: Европска агенција за лекови (EMA), Европската комисија, Национални регулаторни тела, *Heads of the Medicines Agencies (HMA)* *Резултати од учење:* • Студентот ќе може да ги разликува основните правни инструменти на ЕУ (регулативи, директиви, одлуки, препораки) и нивната правна основа, како и ЕУ институциите одговорни за спроведување на регулативата. *Поглавје број 2*: Институции во рамки на Совет на Европа • Европски директорат за квалитет на лекови (EDQM): Европска фармакопеја, Оддел за сертификација на супстанции и Официјалната мрежа на лаборатории за контрола на квалитет на лекови (OMCL). *Резултати од учење:* • Ќе може да ја оцени улогата на EDQM во развој и спроведување на стандарди за квалитет на лекови на европско ниво. *Поглавје број 3 Преглед на фармацевтската регулатива на глобално ниви* • Основи на фармацевтската регулатива на Соединетите Американски Држави, Администрација за храна и лекови (FDA) • Меѓународен совет за хармонизација на техничките барања за добивење одобрение за ставање на лек во промет (ICH) • Улога на Светската здравствена организација (WHO) во обезбедување пристап до безбедни, ефикасни и квалитетни лекови *Резултати од учење:* • Студентот ќе може да ја опише структурата, надлежностите и законската рамка на FDA во однос на лекови и да направи споредба помеѓу регулаторните пристапи на FDA и оние во ЕУ • Студентот ќе може да ја објасни улогата на ICH како меѓународна организација одговорна за глобална усогласеност и поедноставување на барањата за поднесување досие за добвање одобрение за ставње на лек во промет • Студентот ќе може да ги идентификува основните нормативни функции на WHO во областа на лековите. *Поглавје број 4 Преглед на националната фармацетвска регулатива* • Агенција за лекови и медицински средства на РСМ • Закони и подзаконски акти

<table>
<tr><td></td><td></td><td colspan="4">• Хармонизација на националната регулатива со фармацевтската регулатива во ЕУ

Резултати од учење:
• Студентот ќе може да ја опише улогата на Агенцијата за лекови и медицински средства, да ги наведе клучните закони и правилници што ја регулираат областа на лековите и медицинските средства во РСМ, како и ја објасни важноста на усогласувањето со фармацевтската регулатива на ЕУ.</td></tr>
<tr><td>13</td><td>Заемна поврзаност на предметите</td><td colspan="4">Нема</td></tr>
<tr><td>14.</td><td>Детален опис на наставните и работните методи за предметот</td><td colspan="4">Контакт часови (предавања) и консултации, проектна задача (учење базирано на проблем), домашно учење</td></tr>
<tr><td>15.</td><td>Вкупен расположив фонд на време</td><td colspan="4">4 ЕКТС x 30 часови=120 часови</td></tr>
<tr><td rowspan="3">16.</td><td rowspan="3">Форми на наставните активности</td><td>16.1.</td><td colspan="2">Предавања- теоретска настава. часови</td><td>45</td></tr>
<tr><td>16.2.</td><td colspan="2">Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>16.3.</td><td colspan="2">Пракса: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td rowspan="3">17.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>17.1.</td><td colspan="2">Проектни задачи: часови</td><td>15</td></tr>
<tr><td>17.2.</td><td colspan="2">Самостојни задачи: часови</td><td>/</td></tr>
<tr><td>17.3.</td><td colspan="2">Домашно учење: часови</td><td>60</td></tr>
<tr><td>18</td><td>Услови за потпис</td><td colspan="4">Доказ за остварување на најмалку 30 бода од предвидените наставни активности (најмногу 40)</td></tr>
<tr><td rowspan="4">19</td><td colspan="5">Начин на оценување</td></tr>
<tr><td>19.1.</td><td colspan="2">Завршен писмен испит</td><td colspan="2">30-60 бода</td></tr>
<tr><td>19.2.</td><td colspan="2">Проектна задача</td><td colspan="2">/</td></tr>
<tr><td>19.3.</td><td colspan="2">Активност и учество</td><td colspan="2">0-10 бода</td></tr>
<tr><td rowspan="6">20</td><td colspan="2" rowspan="6">Критериуми за оценување (бодови/ оценка)</td><td>до 60 бода</td><td colspan="2">5 (пет) (F)</td></tr>
<tr><td>од 60 до 66 бода</td><td colspan="2">6 (шест) (E)</td></tr>
<tr><td>од 67 до 75 бода</td><td colspan="2">7 (седум) (D)</td></tr>
<tr><td>од 76 до 84 бода</td><td colspan="2">8 (осум) (C)</td></tr>
<tr><td>од 85 до 93 бода</td><td colspan="2">9 (девет) (B)</td></tr>
<tr><td>од 94 до 100 бода</td><td colspan="2">10 (десет) (A)</td></tr>
<tr><td>21.</td><td colspan="2">Метод на следење на квалитетот на наставата</td><td colspan="3">Отворена дискусија, како и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот за евалуација и самоевалуација.</td></tr>
<tr><td rowspan="4">22.</td><td colspan="5">Литература</td></tr>
<tr><td rowspan="3">22.1.</td><td colspan="5">Задолжителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Национална легислатива (закони, правилници,</td><td></td><td></td><td></td></tr>
</table>

			упатства)			
		2.	ЕУ директиви			
		3.	EMA QWP водичи			
		4.	Фармакопеји (Ph. Eur., USP)			
		5.	ICH водичи			
		6.	FDA водичи			
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Интернет страници на релевантни ЕУ институции			
		2.				
		3.				

Прилог бр.3		**Предметна програма од втор циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**РЕГУЛАТИВА ЗА ДОБИВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА СТАВАЊЕ НА ЛЕК ВО ПРОМЕТ**			
2.	Код	**ФФФР02**			
3.	Студиска програма	Специјалистички студии по фармацевтска регулатива			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Фармацевтски факултет, УКИМ, Скопје,			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Студии од втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Прва	семестар	прв
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	8 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Катерина Брезовска (одговорен наставник) Проф. д-р Анета Димитровска Проф. д-р Руменка Петковска Проф. д-р. Јелена Ацевска Проф. д-р Јасмина Тониќ Рибарска Проф. д-р. Наталија Наков			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски јазик			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	нема			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	**Целта на програмата** е: Да им овозможи на студентите да стекнат напредни знаења и разбирање за регулаторниот процес за добивање и одржување на одобрението за ставање на лек во промет, вклучително видови постапки, структура и содржина на досието за добивање одобрение за ставање на лек во промет и улогата на релевантните институции. **Очекувани резултати:** По успешно завршување на предметот, студентот ќе може: • Да ги разликува постапките за добивање одобрение за ставање на лек во промет во ЕУ САД и во Република Северна Македонија. • Да ја објасни структурата и содржината на регистрационото досие (CTD формат). • Да ги идентификува улогите на регулаторните тела (на пр. EMA, НМА, национални тела) во постапката на добивање на			

		одобрение за ставање на лекот во промет и негово пост-маркетиншко следење. • Да развие способност за следење на континуирана усогласеност на лекот со регулативата и условите од одобрението. • Критички да ги поврзе регулаторните механизми со поттикнување на иновациите и пристапот на пациентите до нови лекови и да применува извори на релевантни информации.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Содржина на предметната програма:** *Поглавје број 1 Регулаторна основа на постапката за добивање одобрение за ставање на лек во промет* • Значење на постапката за добивање одобрение за ставање на лек во промет (Marketing Authorisation, MA) • Правен основ на постапката за добивање одобрение за ставање на лек во промет (ЕУ, САД и национална легислатива) • Типови лекови и нивна регулаторна поставеност (иноваторни лекови, генерички лекови, биолошки лекови, лекови регулирани со специфични правила (хербални лекови, лекови за ретки болести, педијатриски лекови и напредна терапија) *Резултати од учење:* • Студентот ќе може да ја објасни неговата улога во осигурување на квалитетот, безбедноста и ефикасноста на лековите и да ги идентификува и интерпретира клучните регулативи и директиви коишто го регулираат процесот на добивање на одобрение за лек. *Поглавје број 2. Видови на постапки за добивање на одобрение за ставање на лек во промет* • Преглед на постапките за за добивање на одобрение за ставање на лек во промет во ЕУ: Централизирана постапка (CP), Децентрализирана постапка (DCP), Постапка за меѓусебно признавање (MRP), Национална постапка (предности и ограничувања на секоја постапка) • Постапка за добивање на одобрение за ставање на лек во промет во САД • Добивање на одобрение за ставање на лек во промет во Република Северна Македонија • Забрзани постапки за добивање на одобрение за ставање на лек во промет во ЕУ, САД и Република Северна Македонија *Резултати од учењето:* • Студентот ќе може да ги разликува видовите на постапки за одобрување на лекови во ЕУ, нивните предности и ограничувања. • Ќе развие способност за споредба на регулаторните постапки во ЕУ, САД и Република Северна Македонија. • Ќе разбере како функционираат забрзаните постапки и во кои ситуации се применуваат. *Поглавје број 3. Структура и содржина на досието за добивање на одобрение за ставање на лек во промет (CTD)* • ICH M4 CTD (Common Technical Document) формат: цел и значење • Начини на поднесување на документацијата за квалитет на активна супстанција (CEP и ASMF) • Водичи за подготовка на досието за добивање одобрение за ставање во промет во ЕУ и нивна применливост за различните постапки (Volume 2B Notice to Applicants Medicinal products for human use) • Објавување на документите од евалуација на поднесената документација и извори на релевантни информации

		Резултати од учењето: • Студентот ќе го разбере концептот и значењето на CTD форматот и неговата глобална применливост. • Ќе стекне знаење за подготовка и организација на документацијата во согласнсот со релевантните водичи (ICH M4 и EU Volume 2B). • Ќе може да ги спореди различните начини на поднесување на документацијата за квалитет на активна супстанција (CEP и ASMF) *Поглавје број 4. Типови на апликации за добивање на одобрение за ставање на лек во промет* • Типови на апликации, за добивање на одобрение за ставање на лек во промет во ЕУ и Република Северна Македонија: правна основа, специфични барања и документација • Типови на апликации за добивање на одобрение за ставање на лек во промет во САД • Концепт на глобално одобрение за ставање на лек во промет *Резултати од учењето:* • Студентот ќе може да ги разликува типовите на апликации за добивање одобрение за ставање на лек во промет во ЕУ и Северна Македонија. • Ќе може да ги објасни специфичните барања за различни типови апликации во САД • Ќе го разбере концептот на глобално одобрение и можноста за повторно користење на податоци во различни пазари. *Поглавје број 5. Регулатива за одржување на добиеното одобрение за ставање на лек во промет* • Категоризација на промените во одобрената документација поднесена во постапката на добивање на одобрение за ставање на лек во промет (варијации) и подготовка на документација за пријавување на варијации • Обнова на одобрението за ставање на лек во промет (регулаторни барања и потребна документација) *Резултати од учењето:* • Студентот ќе го разбере концептот на варијации, нивната класификација (Type IA, IB, II) и потребната документација за пријавување. • Ќе се запознае со регулаторните барања и рокови за обновување на одобрение за лек. *Поглавје број 6. Заштита на регулаторните податоци* • Ексклузивност на податоците за лекот и заштита на пазарот • Заштита на податоци за лекови со нови активни супстанции, лекови за ретки болести и педијатриски лекови *Резултати од учењето:* • Студентот ќе го разбере значењето на ексклузивноста на податоци и заштитата на пазарот како регулаторен инструмент. • Ќе се запознае со посебните механизми за заштита на податоците за лекови со нови активни супстанции, лекови за ретки болести и педијатриски лекови.
13.	Заемна поврзаност на предметите	Нема
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Контакт часови (предавања) и консултации, проектна задача (учење базирано на проблем), домашно учење

15.	Вкупен расположив фонд на време	8 ЕКТС x 30 часови=240 часови		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	90
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	/
		16.3.	Пракса: часови	/
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	30
		17.2.	Самостојни задачи: часови	/
		17.3.	Домашно учење: часови	120
18.	Услови за потпис	Доказ за остварување на најмалку 30 бода од предвидените наставни активности (најмногу 40)		

19.	Начин на оценување		
	19.1.	Завршен писмен испит	30-60 бода
	19.2.	Проектна задача	/
	19.3.	Активност и учество	0-10 бода

20.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	до 60 бода	5 (пет) (F)
		од 60 до 66 бода	6 (шест) (E)
		од 67 до 75 бода	7 (седум) (D)
		од 76 до 84 бода	8 (осум) (C)
		од 85 до 93 бода	9 (девет) (B)
		од 94 до 100 бода	10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија, како и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот за евалуација и самоевалуација.	

22. Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.		Национална легислатива (закони, правилници, упатства)		
2.		ЕУ директиви		
3.		EMA QWP водичи		
4.		Фармакопеји (Ph. Eur., USP)		
5.		ICH водичи		
6.		FDA водичи		

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.		Интернет страници на релевантни ЕУ институции		

Прилог бр.3		**Предметна програма од втор циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**КВАЛИТЕТ И РЕГУЛАТОРНА УСОГЛАСЕНОСТ**			
2.	Код	**ФФФР03**			
3.	Студиска програма	Специјалистички студии по фармацевтска регулатива			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Фармацевтски факултет, УКИМ, Скопје,			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Студии од втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Прва	семестар	прв
7.	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Руменка Петковска (одговорен наставник) Проф. д-р Анета Димитровска Проф. д-р. Јелена Ацевска Проф. д-р Ана Поцева Пановска Проф. д-р Наталија Наков Проф. д-р. Марија Главаш Додов			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски јазик			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	нема			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	**Целта на програмата** е: Да обезбеди систематски знаења за документацијата за квалитет на лекот, стандардите за квалитет, системите за управување со квалитет и примената на ICH водичите во обезбедување на целосна регулаторна усогласеност во сите фази од животниот циклус на лекот. **Очекувани резултати:** По успешното завршување на предметот, студентот ќе може да: • ги разбере и спореди стандардите за квалитет на ЕУ и САД, да разликува типови инспекции и улогата на системите за квалитет во одржување на усогласеност; • ги примени принципите на фармацевтски развој (ICH Q8), управување со ризик за квалитет (ICH Q9) и управување со животниот циклус на лекот (ICH Q12) во регулаторен контекст.			

12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Содржина на предметната програма:** *Поглавје број 1 Барања поврзани со документацијата за квалитет* • Модул 2.3 Збирен извештај за квалитет, (Quality Overall Summary, QOS) • Модул 3 Квалитет на лекот (Модул 3.2.S Активна суспстанција и Модул 3.2.P Готов производ) • Најчести недостатоци во Модул 3 идентификувани во постапката за ставање на лек во промет *Резултати од учењето:* • Студентот ќе може да го објасни значењето и улогата на QOS во модул 2.3, структурата и содржината на Модул 3 (3.2.S Активна супстанција и 3.2.P Готов производ), како и да ги идентификува најчестите недостатоци во Модул 3 во постапките за добивање на одобрение за лек. *Поглавје број 2 GMP стандарди, инспекции и системи за квалитет* • Основни принципи на Добра производна пракса (GMP) и GMP стандарди во ЕУ (EudraLex Volume 4) и во САД (21 CFR Parts 210/211). • Системи за управување со квалитет (Pharmaceutical Quality System, PQS). • Типови инспекции: рутински, инспекции за причини (for cause), инспекции за сертификација. • Главни наоди при инспекции (откривање на критични и големи недостатоци). • Координација и меѓународни иницијативи (PIC/S, ICMRA). *Резултати од учењето:* • Студентот ќе ги разбере основните принципи на GMP и нивната глобална примена. • Ќе знае да ги разликува клучните регулаторни барања на EMA и FDA поврзани со GMP. • Ќе ја разбере улогата на системите за квалитет (PQS) во обезбедување на постојана усогласеност. *Поглавје број 3 ICH Водичи за обезбедување на квалитет на лек* • Регулаторни аспекти за фармацевтски развој на лек • Управување со ризикот во однос на квалитетот • ICH Q11 Развој и производство на активни супстанции (Хемиски супстанции и биотехнолошки/биолошки супстанции) • Регулаторни барања за управување со животниот циклус на лекот *Резултати од учењето:* • Студентот ќе го разбере значењето на фармацевтскиот развој како регулаторен аспект (ICH Q8), да го објасни концептот на управување со ризикот во квалитетот (ICH Q9) и неговата примена во регулаторен контекст • Да го разбере значењето и примената на ICH Q11 за развој и производство на хемиски и биолошки активни супстанции. • Ќе знае да ги примени принципите на управување со животниот циклус на лекот (ICH Q12) и да ги поврзе со практични регулаторни барања.
13.	Заемна поврзаност на предметите	Нема
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Контакт часови (предавања) и консултации, проектна задача (учење базирано на проблем), домашно учење

15.	Вкупен расположив фонд на време	6 ЕКТС x 30 часови=180 часови		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	60
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	/
		16.3.	Пракса: часови	/
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	30
		17.2.	Самостојни задачи: часови	/
		17.3.	Домашно учење: часови	90
18.	Услови за потпис	Доказ за остварување на најмалку 30 бода од предвидените наставни активности (најмногу 40)		

19.	Начин на оценување		
	19.1.	Завршен писмен испит	30-60 бода
	19.2.	Проектна задача	/
	19.3.	Активност и учество	0-10 бода

20.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	до 60 бода	5 (пет) (F)
		од 60 до 66 бода	6 (шест) (E)
		од 67 до 75 бода	7 (седум) (D)
		од 76 до 84 бода	8 (осум) (C)
		од 85 до 93 бода	9 (девет) (B)
		од 94 до 100 бода	10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија, како и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот за евалуација и самоевалуација.	

22. Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Национална легислатива (закони, правилници, упатства)			
2.	ЕУ директиви			
3.	EMA QWP водичи			
4.	Фармакопеји (Ph. Eur., USP)			
5.	ICH водичи			
6.	FDA водичи			

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Интернет страници на релевантни ЕУ институции			

Прилог бр.3		**Предметна програма од втор циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**РЕГУЛАТИВА ЗА НЕКЛИНИЧКИ И КЛИНИЧКИ ИСПИТУВАЊА НА ЛЕКОВИ**			
2.	Код	**ФФФР04**			
3.	Студиска програма	Специјалистички студии по фармацевтска регулатива			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Фармацевтски факултет, УКИМ, Скопје,			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Студии од втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Прва	семестар	прв
7.	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	8 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Кристина Младеновска (одговорен наставник) Проф. д-р Зоран Стерјев Проф. д-р Александра Капедановска Несторовска Проф. д-р Зорица Наумовска Проф. д-р Никола Гешковски Проф. д-р Димче Зафиров			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски јазик			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	нема			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	**Целта на програмата** е: Да обезбеди целосен и детален преглед на регулаторните барања, критичните елементи, документацијата и добрите практики во неклиничките и клиничките испитувања на лекови, во контекст на регистрација и постмаркетиншко следење. **Очекувани резултати:** По завршувањето на предметот, студентот: • ќе ги познава начелата на Добрата лабораториска и Добрата клиничка пракса; • ќе добие сознанија за дизајнирање и спроведување на неклинички и клинички испитувања согласно етичките и регулаторните стандарди; • ќе може да управува со процесите на документирање, архивирање, мониторирање и известување; • ќе може да ги применува меѓународните и националните			

		законски барања за одобрување и инспекција на неклиничките и клиничките испитувања; • ќе може да подготвува и проценува документација за добивање на одобрение за изведба на неклинички студии и за добивање на одобрение за ставање на лек во промет базирано на неклиничките и клиничките податоци.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Содржина на предметната програма:** *Поглавје 1. Неклинички развој на лековите* • Опфат и времетраење на неклиничката развојна програма на лековите, формулациите и системите за испорака на лекови, изведба во корелација со клиничката развојна програма, изведба во однос на апликацијата за добивање на одобрение за ставање во промет, усогласеност со начелата на Добрата лабораториска пракса (GLP) • Апликативна регулатива за добивање одобрение за изведба на неклиничките студии, одобрение за изведба на клиничките студии базирано на неклиничките студии и за добивање на одобрение за ставање во промет базирано на неклиничките студии • Апликативна регулатива (правилници, водичи) за изведба и проценка на неклиничките испитувања на лековите • Регулаторни барања за оперативните системи во неклиничката развојна програма • Регулаторни барања за изведба на неклиничките испитувања зависно од видот на барањето • Презентација на неклиничката развојна програма во CTD-досието- содржина и структура на Модул 2 и Модул 4 • OECD-начела и практики за регулирано неклиничко истражување и развој, поврзаност на GLP со Добрата клиничка пракса (GCP) и Добрата производствена пракса (GMP), национална и европска регулатива за GLP • Клучни карактеристики и елементи на GLP (регулаторни барања за нарачателот, ресурсите- персоналот, просторот опремата, материјалите и реагенсите, оперативните системи- *in vivo*, *in vitro*, *in silico* системи, испитуваните примероци, правилата/прописите- правилници, протокол, стандардни оперативни процедури, резултатите- изворни податоци, финален извештај, архива и регулаторни барања за програмата за обезбедување на квалитет) • Етички гледишта во неклиничките испитувања кои користат животни како оперативни системи (национална и меѓународна регулатива- општи одредби, одредби за користење на одредени животни во процедури, барања за процедури, барања за одгледувачите, снабдувачите и корисниците, инспекции и надзор, барања за протокол, барања поврзани со избегнување на двојни истражувања и примена на алтернативни пристапи, надлежни органи и лица за спроведување на управните и стручните работи, почитување на одредбите и прописите и спроведување на инспекцискиот надзор, улога на назначениот ветеринар, националните комисии и телата за заштита и благосостојба на животни) *Резултати од учењето:* • Студентот ќе може да подготвува и проценува документација за добивање на одобрение за изведба на неклинички студии, изведба на клинички студии базирано на неклинички податоци и за добивање на одобрение за ставање во промет базирано на неклинички податоци • Студентот ќе ги запознае начелата на GLP (читливост, следливост, прецизност, комплетност, навременост и

		архивирање) и ќе може да ги применува во планирањето, изведбата и соопштувањето на резултатите од неклиничките испитувања • Студентот ќе може да ја процени документацијата и оправданоста за спроведување на неклиничките испитувања и рационалноста на поставените цели и да предлага измени и дополнувања на планот за неклиничките испитувања • Студентот ќе може да ги процени организацијата и условите за планирање, изведување и следење на неклиничките испитувања, квалитетот, валидноста и интегритетот на неклиничките испитувања, релевантноста на донесените заклучоци од испитувањата, начините на известување, документирање и архивирање на податоците од неклиничките испитувања • Студентот ќе може да ја процени оправданоста од користењето животни во неклиничките испитувања и да предлага алтернативни методи *Поглавје 2. GCP во клинички испитувања* • Опфат и основни начела на клиничките испитувања (ICH-GCP E6) • Клинички развој на лековите • Планирање и подготовка на клиничките испитувања • Пресметка и договор за клиничко испитување • Регрутирање и вклучување на испитаници • Набљудување, надзор и инспекција на клиничките испитувања ("*on-site"* и "*remote"* мониторинг, улога на Комитетите за мониторинг, рутински инспекции и инспекции заради сомнеж во нерегуларности од регулаторни тела, корективни и превентивни активности по инспекција) • Осигурување на испитаниците и на клиничкото испитување • Регулатива и други правни гледишта (применлива европска и национална регулатива за клинички испитувања, улога на регулаторните тела, етичките комитети) • Елементи на GCP (спонзор, главен истражувач, организација за договорни истражувања/*Contract Research Organization,* CRO) • Презентација на клиничката развојна програма во CTD-досието- содржина и структура на Модул 2 и Модул 5 *Резултати од учењето:* • Студентот ќе се запознае со барањата на ICH-GCP E6 за спроведување на клиничките испитувања и нивната практична примена во дизајнирањето, изведбата, соопштувањето и архивирањето на податоците од клиничките испитувања. • Студентот ќе ја разбере улогата на истражувачите, спонзорите и CRO во изведбата на клиничките студии. • Студентот ќе стекне знаење за мониторинг и инспекција во клинички студии и за примена на концептот на CAPA (Corrective and Preventive Actions) по инспекција • Студентот ќе може да подготвува и проценува документација за добивање на одобрение за ставање на лек во промет базирано на клиничките податоци *Поглавје 3. Документација, одобрување, известување и архивирање* • Одобрување на клиничките испитувања • Изворни и клучни документи • Документирање на клиничкото испитување и известување • Прибирање, документирање, проверка и обработка на

		податоци и подготовка на финален извештај • Архивирање и трајно чување на податоци *Резултати од учењето:* • Студентот ќе може да подготвува и проценува документација за добивање на одобрение за изведба на клинички студии и документација во текот на изведбата и по завршувањето на клиничките студии • Студентот ќе ги запознае правилата за архивирање и трајно чување на податоците *Поглавје 4. Безбедност во клиничките испитувања* • Фармаковигиланца во клиничките испитувања • Документација за известување за сериозни (неочекувани) несакани настани (SAEs, SUSARs) • Улога на Data Monitoring Committees (DMC) или Data Monitoring Safety Committee (DMSC) • Студии за оценка на безбедноста после ставањето на лек во промет (Post-authorisation safety stydies/PASS studies) *Резултати од учењето:* • Студентот ќе ја разбере функцијата на мониторирање и прибирање на податоци за несакани настани во клиничките испитувања • Студентот ќе го разбере значењето на фармаковигиланцата во проценка на односот корист/ризик од учество во студијата • Студентот ќе ги запознае регулаторните барања за мониторинг и известување за безбедноста во клиничките студии *Поглавје 5. Вклучување на специјални популации во клинички испитувања* • Специјални популации • Регулаторни и етички гледишта во вклучувањето на специјални популации • Конвенционални и иновативни дизајни/мастер протоколи во клиничките студии на специјални популации *Резултати од учењето:* • Студентот ќе ја запознае правната и етичката основа за спроведување на клинички испитувања на специјални популации • Студентот ќе може да подготвува и проценува документација за добивање на одобрение за изведба на клинички студии на специјални популации и документација во текот на изведбата и по завршувањето на клиничките студии на специјални популации *Поглавје 6. Неклинички и клинички испитувања на нанолековите* • Нанолекови- дефиниција, видови, потенцијал, примена • Нанолекови- од лабораториски развој до регистрација • Нанолековите во регулативата (разлики во регулаторните гледишта однос на конвенционалните лекови) • Предизвици во неклиничките испитувања • Регулаторни барања за клинички испитувања • Клинички испитувања на нанолековите наспроти клинички испитувања на конвенционалните лекови *Резултати од учењето:* • Студентот ќе ја запознае правната и етичката основа за спроведување на неклинички и клинички испитувања на нанолековите

		• Студентот ќе може да подготвува и проценува документација за добивање на одобрение за изведба на неклинички и клинички студии на нанолекови, документација во текот на изведбата и по завршувањето на неклиничките и клиничките студии на нанолекови		
13.	Заемна поврзаност на предметите	Нема		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Контакт часови (предавања) и консултации, проектна задача (учење базирано на проблем), домашно учење		
15.	Вкупен расположив фонд на време	8 ЕКТС x 30 часови=240 часови		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	90
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	/
		16.3.	Пракса: часови	/
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	30
		17.2.	Самостојни задачи: часови	/
		17.3.	Домашно учење: часови	120
18.	Услови за потпис	Доказ за остварување на најмалку 30 бода од предвидените наставни активности (најмногу 40)		
19.	Начин на оценување			
	19.1.	Завршен писмен испит		30-60 бода
	19.2.	Проектна задача		/
	19.3.	Активност и учество		0-10 бода
20.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 60 бода	5 (пет) (F)
			од 60 до 66 бода	6 (шест) (E)
			од 67 до 75 бода	7 (седум) (D)
			од 76 до 84 бода	8 (осум) (C)
			од 85 до 93 бода	9 (девет) (B)
			од 94 до 100 бода	10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија, како и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот за евалуација и самоевалуација.		

22. Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	D. Wang and A. Bakhai	Clinical Trials. A Practical Guide to Design, Analysis and Reporting	Remedica	2006
2.	J. I. Galin, F. P. Ognibene	Principle and Practice of Clinical Research	Elsevier Inc.	2007
3.	S. C. Gad	Preclinical Development Handbook.	John Wiley & Sons	2008

				ADME and Biopharmaceutical properties		
		4.	M. C. Rodge, D. R. Taft	Preclinical Drug Development: Toxicology	Informa Healthcare USA, Inc.	2010
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.		Handbook: Good Laboratory Practice (GLP): Quality Practices for regulated non-clinical research and development	WHO	2009
		2.		Водичи на OECD за испитување на лекови и хемикалии		
		3.		ЕУ Директиви и водичи на EMA		
		4.		Водичи за индустрија на FDA		
		5.		Национална легислатива: закони, правилници и упатства поврзани со неклиничките и клиничките испитувања на лекови		

Прилог бр.3		**Предметна програма од втор циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**РЕГУЛАТИВА ЗА ГЕНЕРИЧКИ ЛЕКОВИ**			
2.	Код	**ФФФР05**			
3.	Студиска програма	Специјалистички студии по фармацевтска регулатива			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Фармацевтски факултет, УКИМ, Скопје			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Студии од втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Прва	семестар	втор
7.	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	3 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Катерина Брезовска (одговорен наставник) Проф. д-р Кристина Младеновска Проф. д-р Марија Главаш Додов			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски јазик			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	нема			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	**Целта на програмата** е: Да обезбеди систематско знаење за законската и регулаторната рамка за генерички лекови, вклучувајќи ги постапките за добивање на одобрение за ставање во промет, барањата за квалитет, безбедност и ефикасност, специфичните регулаторни предизвици и политиките на пропишување и замена на генеричките лекови. Студентите ќе стекнат практични вештини за подготовка, оценување и критичка анализа на досиеја за генерички лекови во согласност со европските и националните регулативи и знаења за добрата пракса во пропишувањето и замената на генеричките лекови. **Очекувани резултати:** По успешното завршување на предметот, студентот: • ќе ја познава регулаторната рамка и законската основа на генеричките лекови во ЕУ и Македонија; • ќе може да ги разликува типовите на апликации добивање одобрение за ставање во промет на генерички лекови • ќе биде оспособен да подготвува и анализира CTD-досие за генерички лек • ќе има знаење и вештина за проценка на критериумите за биоеквивалентност, терапевтска еквивалентност и иземање од *in vivo* студии на биоеквивалентност • ќе ги познава општите концепти и легислативата за дизајнирање, спроведување и евалуација на студии на биоеквивалентност и терапевтска еквивалентност и *in vitro*			

		студии за оценка на есенцијалната сличност на генеричките со иновативните лекови • ќе биде оспособен да ја применува добрата пракса во пропишувањето и замената на генеричките лекови
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Содржина на предметната програма:** *Поглавје 1. Вовед во генерички лекови и регулаторна рамка* • Дефиниција на генерички лек, разлики со иноваторни лекови. • Регулатива ЕУ: Директива 2001/83/ЕЗ (член 10), Регулатива 726/2004. • Регулатива за генерички лекови во САД (ANDA постапка, FDA) • Национално законодавство и усогласување со ЕУ *Очекувани резултати:* • Студентот ќе може да го дефинира поимот генерички лек и да го разликува од поимот иновативен лек • Ќе ја објасни европската правна рамка за генерички лекови и нејзината примена во пракса, анализира националните законски решенија и нивното усогласување со европските регулативи. • Ќе развие способност за критичка проценка на сличностите и разликите помеѓу различните регулаторни системи и нивното влијание врз пристапот до генерички лекови. *Поглавје 2. Фармацевтска еквивалентност, биоеквивалентност, терапевтска еквивалентност, пропишување и замена на генерички лекови* • Клучни одредби во регулативата за фармацевтска еквивалентност, биоеквивалентност и терапевтска еквивалентност. • Регулаторни пристапи во одредувањето на биорасположливоста/биоеквивалентноста и терапевтската еквивалентност, општи и специфични водичи • Клинички студии за одредување на биоеквивалентност и терапевтска еквивалентност (документација за добивање на одобрение и финални извештаи, дизајн на студии, критериуми за биоеквивалентност- просечна, популациска и индивидуална биоеквивалентност, показатели на еквивалентност, статистичка анализа и подрачје на прифатливост, регулаторни барања за референтен и испитуван лек, испитувана јачина, биоаналитичка методологија). • Терапевтска еквивалентност и клучни одредби во регулативата за пропишување и замена на генерички лекови • Презентација на биофармацевтските и биоаналитичките податоци во CTD-досието *Очекувани резултати:* Студентот: • ќе ја познава процедурата за добивање на одобрение за ставање во промет на генерички лек и ќе може да предлага пристапи за одредување на биоаквивалентноста, односно терапевтската еквивалентност на генеричките лекови со иновативните лекови • ќе може да подготвува и проценува документација за

		добивање на одобрение за изведување на клиничка студија за докажување на биоеквивалентност и терапевтската еквивалентност • ќе може да подготвува и проценува финални извештаи од студии за докажување на биоеквивалентност, односно терапевтска еквивалентност • ќе може да подготвува и проценува документација за добивање на одобрение за ставање во промет на генерички лек/CTD-досие со биофармацевтски и биоаналитички податоци • ќе може да предлага и применува политики и добри практики во пропишувањето и замената на генеричките лекови Поглавје 3. Изземање од *in vivo* студиите на биоеквивалентност (*biovaiwers*) • Концепт и значење на *biowaiver* (легислатива, водичи, правилници) • Систем за биофармацевтска класификација (BCS класа I-IV). • Критериуми за доделување *biowaiver* според EMA и FDA, ограничувања и исклучоци • *In vitro* студии за докажување на есенцијалната сличност на генеричкиот лек со иновативниот лек- општи аспекти, показатели на есенцијална сличност и критериуми на прифатливост • Монографии за *biowaiver* • Практични примери и регулаторни искуства. *Очекувани резултати:* Студентот: • ќе ги познава критериумите и ограничувањата за доделување на *biowaiver* • ќе може да примени BCS-класификацијата за проценка на можноста за *biowaiver* • ќе знае да подготовува монографии за *biowaiver* и да ги користи податоците во монографиите за донесување на одлука за барање/доделување на *biowaiver* • ќе може да подготвува и проценува документација за добивање на одобрение за *biowaiver* • ќе може да подготвува и проценува финални извештаи од *in vitro* студии за докажување на есенцијална сличност на генеричкиот лек со иновативниот лек • ќе може да подготвува документација за добивање на одобрение за ставање во промет на генерички лек/CTD-досие со податоци за лек на кој му е доделен *biowaiver*		
13.	Заемна поврзаност на предметите	Нема		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Контакт часови (предавања) и консултации, проектна задача (учење базирано на проблем), домашно учење		
15.	Вкупен расположив фонд на време	3 ЕКТС x 30 часови=90 часови		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	45
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	/
		16.3.	Пракса: часови	/

17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	/
		17.2.	Самостојни задачи: часови	/
		17.3.	Домашно учење: часови	45
18.	Услови за потпис	Доказ за остварување на најмалку 30 бода од предвидените наставни активности (најмногу 40)		
19.	Начин на оценување			
	19.1.	Завршен писмен испит		30-60 бода
	19.2.	Проектна задача		/
	19.3.	Активност и учество		0-10 бода
20.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 60 бода	5 (пет) (F)
			од 60 до 66 бода	6 (шест) (E)
			од 67 до 75 бода	7 (седум) (D)
			од 76 до 84 бода	8 (осум) (C)
			од 85 до 93 бода	9 (девет) (B)
			од 94 до 100 бода	10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Отворена дискусија, како и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот за евалуација и самоевалуација.	

22. Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.		Легислатива, општи и лек-специфични водичи, правилници, упатства на EMA, FDA, ICH, Министерство за здравство, МАЛМЕД		
2.	Ng. Rick, John	Drugs from discovery to approval	Wiley & Sons	2008
3.	D.Hauschke, V. Steinijans, I. Pigeot	Bioequivalence Studies in Drug Development. Methods and Applications	Wiley	2007
4.	Scott Patterson	Bioequivalence and Statistics in Clinical Pharmacology	Wyeth Research and Development, Collegeville, PA USA; Byron Jones, Pfizer Research & Development, Kent, UK	2005

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.		Approved Drug Products with Therapeutic	FDA	2025

				Equivalence Evaluations, The Orange Book		
		2.		Purple Book: Lists of Licensed Biological Products with Reference Product Exclusivity and Biosimilarity or Interchangeability Evaluations	FDA	2020
		3.		Водичи за изведување на студии на биоеквивалентност	EMA, FDA, МАЛМЕД	
		4.		ICH M9 guideline on biopharmaceutics classification system-based *biowaivers*	EMA/CHMP/ICH /493213/2018 Committee for Medicinal Products for Human Use	
		5.		M9 Biopharmaceutics Classification System-Based Biowaivers	FDA	2021
		6.		Монографии за *biowaiver*	FIP, EMA	

Прилог бр.3		**Предметна програма од втор циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**РЕГУЛАТИВА ЗА БИОЛОШКИ И БИОТЕХНОЛОШКИ ЛЕКОВИ И НАПРЕДНА ТЕРАПИЈА**			
2.	Код	**ФФФР06**			
3.	Студиска програма	Специјалистички студии по фармацевтска регулатива			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Фармацевтски факултет, УКИМ, Скопје,			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Студии од втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Прва	семестар	втор
7.	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	3 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Александра Грозданова (одговорен наставник) Проф. д-р. Катерина Брезовска Проф. д-р Ана Поцева Пановска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски јазик			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	нема			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	**Целта на програмата** е: Целта на предметот е да обезбеди преглед на категориите на биолошките, биотехнолошките лекови и напредната терапија, систематизирање на меѓународната и националната регулатива за одобрување на биолошки лекови, биотехнолошки лекови и напредна терапија, како и разбирање на нивните специфики во однос на производството, контролата, клиничката примена и постмаркетиншкото следење. **Очекувани резултати:** По успешно завршување на предметот, кандидатот ќе може да: • ги разбере категориите и особеностите на биолошките, биотехнолошките лекови како и лековите со напредна терапија; • ги разбере и анализира барањата и предизвиците на европската и националната регулатива за биолошките, биотехнолошките лекови како и лековите со напредна терапија; • ги следи современи трендови во напредната терапија и ги применува во регулаторен контекст.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со	**Содржина на предметната програма:** *Поглавје 1. Категории и карактеристики на биолошки и биотехнолошки лекови и напредна терапија*			

	резултатите од учење за секое поглавје	• Дефиниција и категории на биолошки/биотехнолшки лекови (крв и крвни продукти, серуми и имуноглобулини, терапевтски протеини и пептиди, профилактични и терапевтски вакцини, лекови добиени со рекомбинантна ДНК и мРНА технологија, моноклонални антитела и имуномодулаторна терапија) и напредна терапија (генска терапија, терапија со соматски клетки и лекови добиени со бионженеринг на ткива) • Карактеристики на биолошки лекови: специфичност на биолошка активна супстанца, разлики и сличности со хемиски молекули, комплексност, варијабилност, имуногеност, стабилност, вирусна безбедност, варијабилност помеѓу производствените серии, терапевтска активност. • Методи за производство: основи на генетски инженеринг и биотехнологија (рекомбинантна ДНК и мРНА технологија, клеточни и ткивни култури, вирусни вектори) и нови трендови во производство на биолошки лекови • Контрола на квалитет: критични параметри во процесот на производство, биолошка активност, чистота, имуногеност, протеинска и вирусна стабилност и терапевтска активност. *Резултати од учењето:* • Студентот ги идентификува категориите на биолошките лекови и ја разбера нивната биолошка специфичност. • Студентот ќе го разбере процесот на добивање и контрола на биолошки/биотехнолошки лекови и напредна терапија и да ги идентификува предизвиците на биотехнолошкото производство на современа терапија. *Поглавје 2. Регулаторна рамка за биолошки и биотехнолошки лекови и напредна терапија* • Меѓународна и национална регулаторна рамка за биолошки лекови (Директива 2001/83/ЕС, Регулатива (ЕЗ) 726/2004, Регулатива (ЕУ) 1394/2007 за напредна терапија) и регулаторни тела (EMA, FDA, WHO) • Добивање на одобрение за ставње во промет: централизирана постапка и начини на забрзано одобрување (*conditional approval, PRIME*). • Специчичности на Common Technical Document (CTD) за биолошки/биотехнолошки лекови и напредна терапија и документи за планирање и проценка на квалитетот во развојот • Master file за биолошки лек, вакцини и напредна терпаија *Резултати од учењето:* • Студентот ќе ги разбере регулаторните механизми за добивање на одобрение за ставање во промет на биолошки/биотехнолошки лекови и напредна терпаија, улогата на европските и меѓународни институции, како и новите пристапи за забрзано одобрување. • Студентот ги стекнува основните знаења и разбирање за специчичностите на *Common Technical Document (CTD)* за биолошки/биотехнолошки лекови и напредна терапија, како и практични вештини за подготовка и анализа на досие за добивање одобрение за ставање на лек во примет. *Поглавје 3. Специфичност на постмаркетинг следење* • Пријавување на варијации и обнова на одобрението за ставање на лек во промет (специфичности за

		биолошки/биотехнолошки лекови и напредна терапија) • Планови за управување со ризик со напредна терпаија • Регулаторни и терапевтски аспекти на заменливост и супституција на биолошки/биотехнолошки лекови и напредна терапија. *Резултати од учењето:* • Студентот ќе може да ја разбира комплексноста на постмаркетиншките барања за биолошки/биотехнолошки лекови и напредна терапија.		
13.	Заемна поврзаност на предметите	Нема		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Контакт часови (предавања) и консултации, проектна задача (учење базирано на проблем), домашно учење		
15.	Вкупен расположив фонд на време	3 ЕКТС x 30 часови=90 часови		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	45
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	/
		16.3.	Пракса: часови	/
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	/
		17.2.	Самостојни задачи: часови	/
		17.3.	Домашно учење: часови	45
18.	Услови за потпис	Доказ за остварување на најмалку 30 бода од предвидените наставни активности (најмногу 40)		
19.	Начин на оценување			
	19.1.	Завршен писмен испит		30-60 бода
	19.2.	Проектна задача		/
	19.3.	Активност и учество		0-10 бода
20.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 60 бода	5 (пет) (F)
			од 60 до 66 бода	6 (шест) (E)
			од 67 до 75 бода	7 (седум) (D)
			од 76 до 84 бода	8 (осум) (C)
			од 85 до 93 бода	9 (девет) (B)
			од 94 до 100 бода	10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија, како и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот за евалуација и самоевалуација.		

22.	Литература					
	22.1.	Задолжителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Rebecca Sheets, Kathryn C. Zoon, Mark Schenerman , Susan	Fundamentals of Biologicals Regulation Vaccines and Biotechnology Medicines 2nd Edition -	Science Direct Academic Press	November 2025

			Neadle, Christopher Hamlin, Ivana Knezevic, Mehmet Tosun			
		2.	Sarfaraz Niazi	Handbook of Biological Therapeutic Proteins Regulatory, Manufacturing, Testing, and Patent Issues	2nd Edition Imprint CRC Press	April 2024
		3.	Editors: Wei Wang, Manmohan Singh	Biological Drug Products: Development and Strategies	Wiley	2017
		4.		EMA, FDA Водичи ICH Водичи		
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.		Релевантни трудови во меѓународни научни списанија	FDA	

Прилог бр.3		Предметна програма од втор циклус на студии			
1.	Наслов на наставниот предмет	**РЕГУЛАТОРНА РАМКА ЗА ФАРМАКОВИГИЛАНЦА ЗА ЛЕКОВИ**			
2.	Код	**ФФФР07**			
3.	Студиска програма	Специјалистички студии по фармацевтска регулатива			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Фармацевтски факултет, УКИМ, Скопје,			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Студии од втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Прва	семестар	втор
7.	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	8 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Зорица Наумовска (одговорен наставник) Проф. д-р. Љубица Шутуркова Проф. д-р Александра Капедановска Несторовска Проф. д-р Зоран Стерјев Проф. д-р Александра Гроздановa Проф. д-р Катерина Анчевска Нетковска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски јазик			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	нема			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	**Целта на програмата** е: Да обезбеди темелни знаења за принципите, регулативата и практичните аспекти на фармаковигиланцата како клучен дел од животниот циклус на лекот, како и практични вештини за организација, спроведување и евалуација на системите за фармаковигиланца во согласност со меѓународните и европските регулативи. Преку предметот студентите ќе се оспособат критички да анализираат, управуваат и унапредуваат процеси за следење на безбедноста на лековите со цел заштита на јавното здравје. **Очекувани резултати:** По завршувањето на предметот, студентот ќе може да: • ја објасни регулаторната и институционалната рамка на фармаковигиланцата на меѓународно, европско и национално ниво • ги идентификува ги структурните елементи и			

		функционирањето на системот за фармаковигиланца, • Применува принципи и методи за пријавување, обработка и анализа на несакани реакции и сигнали • Подготви и процени планови за управување со ризик и предложи мерки за минимизирање на ризици. • Анализира регулаторни извештаи (PSUR, PBRER, DSUR) и постмаркетиншки студии за безбедност. • Оцени улога на инспекциски надзор, правни и етички аспекти во контекст на фармаковигиланцата. • Демонстрира критичка и практична примена на стекнатите знаења во решавање на конкретни ситуации поврзани со безбедност на лекови.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Содржина на предметната програма:** *Поглавје 1. Регулаторна и институционална рамка* • Меѓународни стандарди и водичи за фармаковигиланца: ICH, CIOMS, WHO • ЕУ законодавство: Регулатива 726/2004, Директива 2001/83/ЕЗ, Регулатива 520/2012 • Национална регулатива и усогласување со ЕУ • Улога на регулаторни агенции (EMA, национални агенции). *Очекувани резултати:* • Студентот ќе ја разбере улогата на клучните меѓународни стандарди и водичи за фармаковигиланцата и ќе се запознае со ЕУ и националните законодавни акти поврзани со фармаковигиланца, и ќе може да го анализира нивното усогласување. • Ќе ја објасни улогата на EMA и националните агенции во управување со системот за фармаковигиланца. *Поглавје 2. Организација на систем за фармаковигиланца* • Структура и елементи на системот за фармаковигиланца. • Улога на квалификувано лице за фармаковигиланца (QPPV) и обврски на фармацевтските компании. • Пријавување и обработка на несакани реакции (ADR/ICSRs). • Национални и меѓународни бази: EudraVigilance, VigiBase. *Очекувани резултати:* • Студентот ќе може да ја опише структурата и основните елементи на системот за фармаковигиланца и да ги дефинира улогата и одговорностите на QPPV и обврските на фармацевтските компании. • Ќе може да ги идентификува процесите за пријавување и обработка на несакани реакции (ADR/ICSRs), да ги разликува националните и меѓународните бази за податоци (EudraVigilance, VigiBase), како и да ја разбере нивна примена. *Поглавје 3. Управување со ризик и минимизирање на ризиците* • Планови за управување со ризик (*Risk Management Plan*, RMP): подготовка и ажурирање. • Мерки за минимизирање на ризик: едукативни материјали, ограничена употреба, контролирани програми за дистрибуција. • Анализа на примери од пракса (EMA/FDA). *Очекувани резултати:* • Студентот ќе може да објасни што претставуваат плановите за управување со ризики како се подготвуваат/ажурираат, и практично да ги применува • Ќе може да идентификува и оцени мерки за минимизирање на

		ризик. *Поглавје 4. Детекција и проценка на сигнали* • Поим и извори на сигнали (клинички испитувања, спонтани извештаи, литература, бази). • Методи за откривање: дескриптивни и статистички. • Процес на потврдување и регулаторно известување. *Очекувани резултати*: • Студентот ќе може да ги дефинира поимот и изворите на сигнали во системот за фармаковигиланца, да ги разбере основните методи за откривање на сигнали (дескриптивни и статистички) и да го опише процесот на потврдување на сигнал и соодветно регулаторно известување. *Поглавје 5. Постмаркетиншки активности и регулаторни извештаи* • Периодични извештаи за безбедност на лекови: PSUR, PBRER, DSUR. • Постмаркетиншки студии за безбедност (PASS). • Лекови предмет на дополнително следење („црн триаголник“). • Off-label употреба на лекови: правни и етички аспекти. *Очекувани резултати*: • Студентот ќе може да ги разликува видовите периодични извештаи за безбедност (PSUR, PBRER, DSUR) и да ја разбере нивната улога. • Ќе ја објасни целта и спроведувањето на постмаркетиншките студии за безбедност (PASS). • Ќе ја разбере концепцијата на дополнително следење („црн триаголник“) и ќе ја објасни нејзината регулаторна важност. • Ќе добие сознанија за правните и етичките аспекти на off-label употребата на лекови. *Поглавје 6. Надзор, инспекции и етички аспекти* • Инспекциски надзор во фармаковигиланца: видови, подготовка, CAPA. • Рекламирање и маркетинг на лекови: законски ограничувања. • Улога на пациентите во системот за фармаковигиланца (известување, мобилни апликации, јавна едукација). *Очекувани резултати*: • Студентот ќе добие сознанија за видовите инспекции во фармаковигиланца и ќе ги разбере фазите на подготовка и CAPA процесите. • Ќе ги разбере законските ограничувања за рекламирање и маркетинг на лекови. • Ќе ја разбере улогата на пациентите во системот за фармаковигиланца и важноста на современите алатки (мобилни апликации, јавна едукација). *Поглавје 7 Фармаковигиланца на биолошки лекови* • Постмаркетиншки студии и следење на безбедноста на биолошки лекови. • Специфичности на фармаковигиланцата за биолошки и биотехнолошки лекови (имуногеност, долгорочни ризици, долгорочно следење, следливост на серии и индивидуални пациенти.). • пријавување на несакани дејства со акцент на имунолошки реакции, дополнителен надзор на вакцини и биосимилари, користење на глобални бази (EudraVigilance, VigiBase). • GVP модули за биолошки лекови, упатства на

		EMA/WHO/FDA, национална имплементација. *Очекувани резултати*: • Студентот ќе ги разбира специфичните предизвици и важноста на фармаковигиланцата за биолошки и биотехнолошки лекови (имуногеност, долгорочни ризици, долгорочно следење, следливост на серии и индивидуални пациенти). • Ги познава регулаторните барања и упатства (EMA, WHO, FDA) и нивната национална имплементација во областа на фармаковигиланца на биолошките лекови.			
13.	Заемна поврзаност на предметите	Нема			
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Контакт часови (предавања) и консултации, проектна задача (учење базирано на проблем), домашно учење			
15.	Вкупен расположив фонд на време	8 ЕКТС x 30 часови=240 часови			
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	90	
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	/	
		16.3.	Пракса: часови	/	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	30	
		17.2.	Самостојни задачи: часови	/	
		17.3.	Домашно учење: часови	120	
18.	Услови за потпис	Доказ за остварување на најмалку 30 бода од предвидените наставни активности (најмногу 40)			
19.	Начин на оценување				
	19.1.	Завршен писмен испит		30-60 бода	
	19.2.	Проектна задача		/	
	19.3.	Активност и учество		0-10 бода	
20.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	до 60 бода	5 (пет) (F)		
		од 60 до 66 бода	6 (шест) (E)		
		од 67 до 75 бода	7 (седум) (D)		
		од 76 до 84 бода	8 (осум) (C)		
		од 85 до 93 бода	9 (девет) (B)		
		од 94 до 100 бода	10 (десет) (A)		
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија, како и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот за евалуација и самоевалуација.			
22.	Литература				
	22.1.	Задолжителна литература			
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.		Легислатива, водичи, правилници, упатства на EMA, FDA, ICH)		

		2.	Medicines and Healthcare Products Regulatory Agency	Good Pharmacovigelance practice guide	Pharmaceutical Press	2021
		3.	Patric Waller, Willey-Blakwell	An Introduction to Pharmacovigilance	Willey-Blakwel	2009
		4.	Elizabeth Andrews, Nicholas Moore	MANN'S Pharmacovigilance	. Strom John Wiley & Sons	2014
		5.	Patrick Waller	An Introduction to Pharmacovigilance. Second edition	John Wiley & Sons Ltd	2017
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.		Релевантни трудови во меѓународни научни списанија		

Прилог бр.3		**Предметна програма од втор циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**РЕГУЛАТИВА ЗА ЛЕКОВИ ЗА РЕТКИ БОЛЕСТИ**			
2.	Код	**ФФФР08**			
3.	Студиска програма	Специјалистички студии по фармацевтска регулатива			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Фармацевтски факултет, УКИМ, Скопје,			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Студии од втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Прва	семестар	прв
7.	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	2 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Јасмина Тониќ Рибарска (одговорен наставник) Проф. д-р Наталија Наков			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски јазик			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	нема			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	**Целта на програмата** е: Запознавање со меѓународната и националната легислатива за лекови наменети за ретки болести. **Очекувани резултати:** По успешното завршување на предметот, студентот ќе се стекне со: • релевантни знаења за меѓународните регулаторни барања за добивање на ознака за лек за ретка болест, за добивање на одобрение за ставање на лек во промет и пост-маркетиншко следење на лековите наменети за ретки болести • имплементирање на европската регулатива на национално ниво • знаење и вештина за преглед на регулативи, стандарди и водичи, со цел добивање на релеванти информации			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Содржина на предметната програма:** *Поглавје 1. Вовед и основи на регулативите за лекови за ретки болести* • Основни поими и дефиниции за ретки болести и лекови за ретки болести • Историски развој на регулативите и нивна улога за поттикнување на развој и достапност на лекови за ретки болести			

		Очекувани резултати: • студентот ќе може да ги дефинира поимите поврзани со ретки болести и лекови за ретки болести и да ги објасни критериумите за дефинирање на ретка болест (преваленца, сериозност, достапност на третмани); да го препознае значењето на законската регулатива за стимулирање на развојот на лекови за ретки болести. *Поглавје 2. Регулатива за лекови за ретки болести во ЕУ* • Европска регулатива за лекови за ретки болести и улогата на Европската агенција за лекови (ЕМА) • Стратегија за развој на лек за ретка болест во ЕУ • Постапка за добивање на ознака за лек за ретка болест (Orphan Designation) • Активности по добивање на ознака за лек за ретка болест • Одобрение за ставање на лек во промет и ревидирање на критериумите за ознака за ретка болест Очекувани резултати: • студентот ги разбира ЕУ регулативите за лекови за ретки болести и улогата на ЕМА; може да го објасни процесот за добивање на ознака за лек за ретка болест и да ја прикаже структурата и значењето на документацијата за добивање на одобрение за ставање на лекот во промет. *Поглавје 3. Регулатива за лекови за ретки болести во САД* • Регулатива за лекови за ретки болести во САД и улогата на FDA • Стратегија за развој на лек за ретка болест во САД • Структура и организација на документацијата за добивање на ознака за лек за ретка болест и добивање на одобрение за ставање на лек во промет • Податоци за докажување на ефективноста на лек за ретка болест • Споредбена анализа на легислативата за лекови за ретки болести во САД и ЕУ • Медицински средства за ретки болести Очекувани резултати: • студентот може да ги објасни барањата на регулативата за лекови за ретки болести во САД и да го анализира Orphan Drug Act; да направи критичка анализа на разликите меѓу ЕУ и САД регулативите *Поглавје 4. Национална состојба со лекови за ретки болести во Р. Северна Македонија* • Актуелна состојба: достапност на лекови за ретки болести; програми и политики за поддршка на пациентите Очекувани резултати: • студентот има познавање на состојбата и предизвиците во регулирањето на лековите за ретки болести во Република Северна Македонија и може да ги препознае клучните предизвици и предложи мерки за подобрување на системот.
13.	Заемна поврзаност на предметите	Нема
14.	Детален опис на наставните и	Контакт часови (предавања) и консултации, проектна задача (учење базирано на проблем), домашно учење

	работните методи за предметот			
15.	Вкупен расположив фонд на време	2 ЕКТС x 30 часови=60 часови		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	30
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	/
		16.3.	Пракса: часови	/
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	/
		17.2.	Самостојни задачи: часови	/
		17.3.	Домашно учење: часови	30
18.	Услови за потпис	Доказ за остварување на најмалку 30 бода од предвидените наставни активности (најмногу 40)		

19.	Начин на оценување		
	19.1.	Завршен испит	30-60 бода
	19.2.	Проектна задача	/
	19.3.	Активност и учество	0-10 бода

20.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	до 60 бода	5 (пет) (F)
		од 60 до 66 бода	6 (шест) (E)
		од 67 до 75 бода	7 (седум) (D)
		од 76 до 84 бода	8 (осум) (C)
		од 85 до 93 бода	9 (девет) (B)
		од 94 до 100 бода	10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија, како и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот за евалуација и самоевалуација.	

22. Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.		Легислатива, водичи, правилници, упатства на EMA, FDA, ICH, WHO, Министерство за здравство на РСМ и МАЛМЕД		

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.		Интернет страници на релевантни меѓународни институции		

Прилог бр.3		**Предметна програма од втор циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**РЕГУЛАТИВА ЗА ПЕДИЈАТРИСКИ ЛЕКОВИ**			
2.	Код	**ФФФР09**			
3.	Студиска програма	Специјалистички студии по фармацевтска регулатива			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Фармацевтски факултет, УКИМ, Скопје,			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Студии од втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Прва	семестар	прв
7.	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	2 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Марија Главаш Додов (одговорен наставник) Проф. Д-р Рената Славеска Раички			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски јазик			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	нема			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	**Целта на програмата** е: Целта на предметот е да обезбеди познавање на клучните меѓународни и национални регулаторни рамки и постапки за педијатриски лекови, вклучувајќи ги барањата за планирање, развој, одобрување и постмаркетиншки надзор. **Очекувани резултати:** По успешно завршување на предметот, студентот ќе може да: • ги објасни основните регулаторни концепти за развој и одобрување на педијатриски лекови во рамките на ЕУ, САД и на национално ниво; • ги идентификува најновите насоки и нивната практична примена во дизајн на клинички испитувања; • ги разликува пристапите за *off-label*, *ex tempore* и персонализирани педијатриски лекови; • идентификува предности и ограничувања во постојните системи на ЕУ и национално ниво во однос на пристапот до педијатриски лекови.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Содржина на предметната програма:** *Поглавје 1: Регулаторни рамки и стратегии за развој на педијатриски лекови* • Преглед на регулатива за педијатриски лекови што вклучува			

		генерички и иновативни лекови, биотехнилошки, медицински средства и напредни терапии на територија на ЕУ со компаративен осврт на регулаторните пристапи во САД и Р. Северна Македонија • Водич за фармацевтски развој на педијатриски лек (EMA); PIP (*paediatric investigation plan*)- план за истражување и развој на педијатриски лек; Отстапување (waver) и одложување како легален инструмент • Одобрение за ставање во промет на лекови за педијатриска примена: Концепт и структура на PUMA (*paediatric-use marketing authorisation*), • Дизајнирање на високо квалитетни истражувања во тек на развојот на лекот (ICH E11(R1)) поврзаност со ICH Q8 и ICH E11A (*Pediatric Extrapolation*) *Очекувани резултати од учење:* • Студентот ќе може да ги објасни основните регулаторни принципи и законски рамки што го регулираат развојот и одобрувањето на педијатриски лекови во ЕУ, САД и Р. Северна Македонија; • ги разликува пристапите за генерички, биотехнолошки, иновативни и напредни терапии (ATMPs) во педијатриски контекст; • направи критичка споредба на регулаторните постапки и улогата на надлежните тела (EMA, FDA, МАЛМЕД); *Поглавје 2: Специфични регулаторни аспекти и современи предизвици во педијатрија* • Платформи и иницијативи на СЗО и на други релеванти организации за педијатриски лекови; есенцијална листа и регистер на педијатриски лекови; монографии за педијатриски лекови • Регулирање на неодобрена употреба на лекови („*off-label*”), употреба на лекови без одобрение за ставање во промет со *ex tempore* препарати во педијатрија • Регулирање на персонализирани лекови во педијатрија. Концепти за регулирање на 3D печатење на педијатриски лекови и средства *Очекувани резултати од учење:* • Студентот ќе може да ги идентификува регулаторните предизвици при *off-label* употреба и персонализирана терапија во педијатрија; • Да ги рабере концептите на регулаторниот пристап за 3D-печатени или иновативни педијатриски лекови;
13.	Заемна поврзаност на предметите	Нема
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Контакт часови (предавања) и консултации, проектна задача (учење базирано на проблем), домашно учење
15.	Вкупен расположив фонд на време	2 ЕКТС x 30 часови=60 часови

16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	30
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	/
		16.3.	Пракса: часови	/
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	/
		17.2.	Самостојни задачи: часови	/
		17.3.	Домашно учење: часови	30
18.	Услови за потпис	Доказ за остварување на најмалку 30 бода од предвидените наставни активности (најмногу 40)		

19.	Начин на оценување		
	19.1.	Завршен писмен испит	30-60 бода
	19.2.	Проектна задача	/
	19.3.	Активност и учество	0-10 бода

20.	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	до 60 бода	5 (пет) (F)
		од 60 до 66 бода	6 (шест) (E)
		од 67 до 75 бода	7 (седум) (D)
		од 76 до 84 бода	8 (осум) (C)
		од 85 до 93 бода	9 (девет) (B)
		од 94 до 100 бода	10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Отворена дискусија, како и анонимна анкета што ќе се спроведува по реализација на предметот за евалуација и самоевалуација.	

22. Литература

Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.		Легислатива, водичи, правилници, упатства на EMA, FDA, ICH, СЗО, ДПП, Министерство за здравство и МАЛМЕД		
2.	A. Mulberg, D. Murphy, J. Dunn, L. Mathis	Pediatric drug development- Concepts and applications	John Wiley & Sons, Ltd.	2013
3.	M.C.Nahata, V.B. Pai	Pediatric Drug Formulations		2018
4.	A. Ceci, V. Giannuzzi, D. Bonifazi, M. Felisi, F.Bonifazi, L. Ruggieri	Drug Discovery and Development - From Molecules to Medicine, Clinical Trials in Paediatrics — Regulatory and Methodological	Intech Open, DOI: 10.5772/60611. available at: https://www.intechopen.com/chapters/48435	2015

				Aspects		
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.		Релевантни трудови во меѓународни научни списанија	FDA	

Прилог бр.3		**Предметна програма од втор циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	**РЕГУЛАТИВА ЗА ХЕРБАЛНИ И ТРАДИЦИОНАЛНИ ХЕРБАЛНИ ЛЕКОВИ**			
2.	Код	**ФФФР10**			
3.	Студиска програма	Специјалистички студии по фармацевтска регулатива			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Фармацевтски факултет, УКИМ, Скопје,			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Студии од втор циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	Прва	семестар	прв
7.	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	2 ЕКТС			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Ѓоше Стефков (одговорен наставник) Проф д-р Марија Карапанџова			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски јазик			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	нема			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	**Целта на програмата** е: Целта на предметот е сеопфатен преглед на регулаторните барања за добивање на одобрение за ставање во промет на хербални и традиционални хербални лекови. **Очекувани резултати** Студентот по завршување на предметот ќе се стекне со: • вештини за исполнување на регулаторните барања за ставање во промет на хербалните лекови и традиционалните хербални лекови • познавања за хармонизацијата на националната легислатива со европската легислатива • познавања за законската регулатива, водичите и литературата во однос на квалитетот на активната супстанција (хербална супстанција или хербална преработка) и готовиот производ			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Содржина на предметната програма:** Поглавје 1: Национална и европска регулатива за хербални и традиционални хербални лекови • Национална легислатива што се однесува на хербални и традиционални хербални лекови vs. хербални лекови • Европски процедури за регистрација на хербални и традиционални хербални лекови			

